## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Деветтото продложение на Сто и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 13 јули 2005 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,01 часот.

Со седницата претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија .

**Љупчо Јордановски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа по 101-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Благој Голомеов, Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Нелко Стојановски, Лилјана Поповска, Ацо Спасовски, Ванчо Георгиев, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Сашко Кедев, Ганка Самоиловска Цветанова, Исмет Рамадани и Абдулади Вејсели, Семијал Хасани, Љубисав Иванов - Ѕинго и Љубчо Георгиевски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Продолжуваме со 16-та точка - Предлог за донесување на закон за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија со Предлог на закон.**

Пред да продолжиме со претрес по амандманите Ве известувам дека во меѓувреме Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 5 алинеја 5 и на член 6 став 1 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Мислам дека истите ви се поделени на Вашето место.

Продолжуваме со претрес по амандманот на член 6 став 1 и за бришење на став 2 поднесен од пратеникот Марија Којзеклиска и по амандманот на член 6 став 1, поднесен од пратениците Силвана Бонева, Илија Китановски и Ефтим Манев.

Дали некој бара збор?

Повелете госпоѓо Којзеклиска, имате збор.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе.

Како што и сами рековте, во меѓувреме после расправата во петокот по амандманот кој го имав поднесено јас и амандманот кој го имаат поднесено колегите од ВМРО - ДПМНЕ Силвана Бонева и Илија Китановски на членот 6 став 1, Владата во меѓувреме поднесе амандман токму на овој член, кој воедно станува составен дел на текстот на законот, во кој бара воведната реченица, поточно зборовите "може да се истакне знамето на Република Македонија и знамето на таа заедница", кои беа составен дел на текстот на законот и на кои ние како пратеници имавме забелешка токму на непрецизната формулација на зборот "можат" и зборот "мора", Владата тие зборови ги заменува со зборовите "доколку се истакне знамето на таа заедница, се истакнува и знамето на Република Македонија".

Мое лично убедување, почитуван претседателе, и почитуван министер за правда е дека вие направивте еден микс меѓу двата амандмани, поднесени и од Силвана Бонева и Илија Китановски и од мене, меѓутоа, според мое лично уверување, а верувам и на другите колеги, овој амандман поднесен од Владата сепак не ја прецизира, онака како што бараме ние децидно со нашите амандмани, одредбата и можноста за употреба на знамињата на таа заедница. Да ве потсетам, амандманот кој го имав поднесено јас на членот 6 став 1 бара постојано да се истакнува знамето на Република Македонија, а пред објектите може да се истакне и знамето на таа заедница, со тоа автоматски значи бришење на ставот 2 кој постои во самиот предлог на закон. Доволно е да се објасни пред објектите, затоа што тоа е согласно Рамковниот договор, точка 7 - изразување на идентитетот.

Она што го има предложено пак Силвана Бонева и Илија Китановски, според нивниот предлог се истакнува знамето на таа заедница со задолжитеолно истакнување на знамето на Република Македонија и искрено да кажам ме иритира ваквиот игнорантски однос на Владата во однос на оние одредби кои ние прецизно ги имаме формулирано во амандмани. Јас разбирам дека се работи за министер и Министерство за правда, разбирам дека можеби имаат квалификувани кадри, меѓутоа, мојата интенција и интенцијата на колегите кои го имаат поднесено овој амандман за точно прецизирање на тоа кога се употребува Државното знаме на Република Македонија, кога може да се употребува и знамето на таа заедница и каде евентуално може да се употреби, сепак треба да бидат прецизно формулирани, затоа што и самиот министер за правда знае во пракса како флексибилно се толкуваат законите од страна на судии, а да не зборуваме за овие правни лица на кои се однесува овој член, значи меѓународни организации, каде што е организатор учесник или е презентирана единицата на локалната самоуправа. Според мене и овој амандман поднесен од Владата на членот 6 став 1 е неприфатлив. Неприфатлив е затоа што повторно јасно не прецизира и не ја задолжува единицата на локалната самоуправа онака како што треба да биде согласно постојниот закон за знаме, грб и химна на Република Македонија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманите.

Службите нека ме известат колку се запишани како пристигнати досега, односно колку картички се подигнати.

Бидејќи има 43 подигнати картички, објавувам пауза од половина час.

(Пауза од 11,07 до 11,43 часот).

Господа пратеници, продолжуваме со работа.

Господин Рафис Алити, процедурално, повелете.

**Рафис Алити:** Ви благодарам, господине претседател.

Во име на Парламентарната група на ДУИ барам пауза до 13,00 часот, бидејќи имаме потреба од координација и имаме партиски активности на нашата Парламентарна група. Значи барам пауза до 13,00 часот за да се координираме и во однос на законот и другите закони што следат.

**Љупчо Јордановски:** Деловнички не можете да барате повеќе од еден час пауза. Можам само еден час да објавам пауза.

Објавувам пауза од еден час, бидејќи деловнички повеќе од еден час не може.

(Паузата отпочна во 11,44 часот).

(По паузата седницата продолжи во 13,10 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Треба да пристапиме кон гласање по амандманите.

Ги молам службите д аго утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 53 пратеници.

Десетте минути за кворум течат.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Амандманот на член 6 став 1 и за бришење на став 2 поднесен од пратеникот Марија Којзеклиска го ставам на гласање,

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 51 пратеник, 3 гласале за амандманот, 3 воздржани, 45 против.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на член 6 став 1 поднесен од пратениците Силвана Бонева, Илија Китаноски и Ефтим Манев го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 49 пратеника, 4 за амандманот, 2 воздржани, 43 против.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 1, алинеја 1 поднесен од пратеникот Благородна Мингова-Крепиева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за правда Мери Младеновска-Георгиева.

**Мери Младеновска-Георгеива:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор госпоѓа Благородна Мингова-Крепиева.

**Благородна Мингова-Крепиева:** Со оглед на амандманите кои ги поднесе Владата и врз основа на кои се прецизира членот 6 е безпредметно да се расправа за овој мој амандман. Јас истиот го повлекувам.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворма претрес по амандманот за додавање нов член 6-а по членот 6, поднесен од пратениците Рафис Алити, Ејуп Рустеми, Семијал Хасани, Теута Арифи, Јусуф Арифи, Селвије Салиу, Агим Џелили, Рафет Муминовиќ, Неждет Мустафа, Гајур Сарач, Ќенан Хасипи, Недим Рамизи, Аднан Јашари, Фазли Велиу и Аднан Ќахил.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за правда Мери Младеновска-Георгиева.

**Мери Младеновска-Георгеива:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор господинот Рафис Алити,

**Рафис Алити:** Благодарам господине пртетседател.

Нависитна ние одлучивме да го поднесеме овој амандман увидувајки дека со законот кој е предложен употребата на симболите на етничките заедници се гарантира со закон при одржување на манифестации, на нивни прослави кои се организираат на локално ниво, семејно и т.н. Бидејки со членот 7 од овој Предлог закон се гарантира употребата на симболите на етничките заедници, уште еднаш ќе нагласам, во цела територија на Република Македонија на нивни манифестации. Мислиме дека овој закон за да биде попрактичен од технички аспект на употребата на симболите на етничките заедници во општините каде што не се во мнозинство, одлучивме да го поднесеме овој амандман, значи нивните симболи етничките заедници да ги употребуваат пред објектите како што се училиштата, локалните заедници, домовите на култура и т.н. Велам повторно од технички аспект, бидјеки мислиме дека со овој амандман, значи, со закон ќе се уреди употребата на симболите пред овие објекти во општините каде етничките заедници не се во мнозинство. Јас ќе ја земам за пример општина Сарај, село Љубин каде што живее етничката бошњачка заедница и се разбира дека ништо не им пречи на жителите на оваа општина, или не му пречи на целото наше општество ако ова го уредиме со закон. Значи, етничката заедница, повторно ќе нагласам, бошњачката заедница во село Љубин на нивните манифестации и прослави на оваа етничка заедница да може да го употреби нивниот симбол пред училиштата, пред месната заедница. А вакви примери имаме и во општина Гостивар каде што етничката турска заедница е во еден соодветен број и не гледаме зошто и

таму, значи ова етничка заедница со закон да не се уреди за да го употреби нивниот симбол пред објектите како што се нагласува во овој амандман. И во многу други општини во Република Македонија ние мислиме дека има еден вакум во овој Предлог закон и токму ова не воведе да го поднесеме овој амандман.

Мислам дека од страна на Владата и од страна на пратениците независно на која парламентарна политичка група им припаѓаат треба да се разбереме правилно, не бараме нешто кое не им се овозможува на граѓаните, туку бараме нешто што им се овозможува на граѓаните во цела Република да го употребат, значи само од технички аспект ова да се уреди со закон. Значи, понатаму да нема некои недоразбирања на теренот во текот на употребата на симболите. Факт е дека локалните заедници, училиштата имаат свои празници, имаат свои слави како што се патронатите на училиштата, спортски натпревари и т.н. Истото се случува и во селата, имаме локални манифестации, имаме спортски натпревари на локално ниво и т.н. И токму поради ова одлучивме покрај државното знаме да се истакне и знамето на етничката заедница која живее во тоа населено место. Мислиме дека доколку еден ваков амандман се додаде на овој Предлог закон, мислам дека законот ќе добие не само во квалитет, туку ќе добие и во тоа што значи политички аспект, значи во однос на граѓаните овој закон да биде попочитуван и поприфатлив за граѓаните.

Јас барам од пратениците, бидејки од претставникот на Министерството за правда, не се прифати овој поднесен амандман, барам подршка од пратениците. Јас уште еднаш ќе нагласам дека е од интерес едноставно од технички аспект, или практичен аспект на употребата на симболот на таа етничка заедница во општината, се разбира каде тие не се во мнозинство.

**Љупчо Јордановски:** Пред да му дадам збор на господинот Јашари, јас би сакал во мое и во ваше име да ги поздравам колегите од Парламентот на БиХ, поточно од работното тело за одбрана и безбедност кои ни се гости овие денови .

(Аплауз)

Има збор господинот Аднан Јашари.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине претседател, така како што беше кажано и од страна на координаторот на нашата парламентарна група на ДУИ, ние преку овој амандман сакаме да создадеме простор, законски простор, или правен простор да може и низ тие единици на локалната власт каде нормално се мнозинство определни етнички заедници, иако во рамките на една единица на локална самоуправа, или локална власт, или определена општина нивниот број не го достигнува тој цензус на мнозинството заради определни технички причини да можат да го користат, нормално во одредени услови и симболот со кој една етничка заедница се идентификува, или преку која се идентификува. Ние цениме дека тргнувајки од членот 8 став 1, точка 2 каде што се говори за основните вредности на уставното уредување на Република Македонија, цениме дека и овие селани, или граѓани кои што живеат во овие локални самоуправи се вредност на уставниот ред и како такви во согласност со овој член треба да имаат простор, или определена можност да го изразуваат својот национален идентитет. Пред се, овде би го нагласил и амандманот 8 со кој што се заменува членот 48 каде исто така се дозволува простор припадниците на заедниците да имаат право слободно да го изразуваат, негуваат и развиваат својот идентитет преку употребата на симболите на нивните заедници. Тргнувајки од овие две уставни одредби, ние цениме како потписници на овој амандман дека овој амандман треба да се поддржи и нормално да стане составен дел на овој Предлог.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Кенан Хасипи.

**Кенан Хасипи:** Благодарам господине претседателе, бидјеки јас сум предлагач на овој амандман со останатите колеги, би сакал со неколку збора да го кажам моето мислење по овој амандман. Имено, забележливо е дека постои една диспропорција помеѓу одредба која што е предвидена во Охридскиот рамковен договор и уставното решение со амандманот 8 кој го заменува членот 48 од Уставот на Република Македонија. Додека со Охридскиот рамковен договор правото на употребата на симболите на заедниците е врзан за припадниците на заедниците кои што се во мнозинство. Тоа не знам од кои причини не е преточено во амандманот 8 со кој што е заменет член 48 од Уставот. Имено, со овој амандман се утврдува правото на припадниците на заедниците слободно да го изразуваат, негуваат и развиваат својот идентитет и особеностите и да ги употребуваат симболите на својата заедница. Значи, употребата на симболите не е врзана ниту за мнозинство, ниту за процент од 20%, ниту пак уставната дикција завршува со реченицата: на начин утврден со закон, кога сака да се прецизира за кои припадници на заедниците тоа се однесува. Според тоа, уставното решение со амандман 8 воопшто не го оспорува правото на заедниците слободно да ги користат своите симболи независно од нивната процентуална застапеност. Ова има една друга логика. Логиката е во тоа што со решението со мнозинство фактички припадниците на една иста етничка заедница кои живеат на различни географски простори и уживаат различни права, што е многу нелогично. На пример, во општина Центар Жупа каде што е да речеме турското население во мнозинство, има право да ги користи симболите. Во непосредна близина на општината, во Дебар каде што го немаат тој процент, го немаат тоа право. Или една сосема друга ситуација. Овде беше спомената

ситуацијата со Љубин. Една таква ситуација има во општина Врапчиште. Центарот на општината е Врапчиште во кое што има мнозинско турско население, меѓутоа само заради тоа што на ниво на општината го нема мнозинството, не може да се употребува, да речеме, знамето во центарот на општината во која што во мнозинство е население на турската етничка заедница. Токму заради овие нелогичности, а бидејќи нема уставна пречка да се изгласа ваков амандман, јас сметам дека ваквиот амандман би ги балансирал овие нерегуларности и би овозможил на припадниците на тие етнички заедници кои што живеат на тој географски простор, или во таа едниница на локална самоуправа да може слободно да го истакнува својот симбол со кој што се изразува нивниот идентитет. Токму од овие причини, јас сметам дека е вредно да се подржи овој амандман и дека на тој начин ќе се избалансираат овие нерегуларности.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Агим Целили.

**Агим Целили:** Благодрам господине претседател. Јас ќе се потрудам да ги кажам причините зошто сум потписник на овој поднесен амандман. Според точката 1 од амандманот 8 на Уставот на Република Македонија која го уредува правото на слободна употреба на симболите односно на знамето за да го изрази идентитетот како и особеностите на етничката заедница. Ова е уредено и во членот 2 како право за да го изрази идентитетот преку знамето кое сами го избираат. Исто така во членот 3 се уредува, институциите каде што можат да се употребуваат симболите, односно јавни институции, службени, во приватниот живот и т.н. Јас сега самиот на себе си поставувам едно прашање, која ќе биде причината еден дел на албанците, но и на другите етнички заедници да не го уживаат ова право, додека еден друг дел да биде привилегиран токму во тие институции кои ги основа локалната самоуправа, јас ќе повторам уште еднаш, локалните заедници, училиштата, на јавни манифестации и т.н. Затоа мислам дека овој амандман ќе опфати еден дел на граѓани кои овој пат безправно значи, не се опфатени во овој Предлог закон.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Ејуп Рустеми.

**Ејуп Рустеми:** Благодарам господине претседател, целта за донесување на законот како таков е обврска од Рамковниот договор, меѓутоа и како решавање на еден проблем кој што реално постои во Република Македонија за употребата на симболите на етничките заедници и на симболот на Република Македонија, односно знамето на Република Македонија. Целта за донесувањето на овој закон е еднаш за секогаш да се решат проблемите кои што постоеле досега. Имајќи го предвид фактот што овој закон произлегува како последица од Рамковниот договор, ние треба да размислуваме сите заедно кога ќе почнеме да ги решаваме овие проблеми, да ги решаваме во целост и да не оставиме и во иднина да имаме проблеми од ваков тип, од ваква природа како што биле досега. И самиот факт за предлагањето на овој амандман кој што сме го потпишале повеќе пратеници од ДУИ, меѓутоа карактеристично е тоа што се говори дека сите претставници на етничките заедници во Република Македонија се потписници на овој амандман. Затоа мислам дека кога се говори за тоа дека сите претставници на етничките заедници се потписници на овој амандман и овој амандман треба да се разгледува и да се анализира на подетален начин, односно да видиме што сакаме да постигнеме преку овој амандман.

Што се однесува на тоа дека ние како изготвувачи на овој амандман што сакаме да постигнеме преку истиот кој што, доколку се прифати од страна на пратениците ќе стане составен дел на законот. Тоа е на училиштата, меѓутоа и пред културните објекти на етничките заедници кои што го составуваат мнозинството во тоа училиште да имаат право на разни манифестации, разни празници ја претстават реалноста или составот на оние ученици, внатре во тие институции, училишни институции. Затоа мислам дека воопшто нема да претставува проблем, воглавном нема да имаме проблеми или иритација на другите етнички заедници, туку истовремено исполнување на барањата на сите етнички заедници во Република Македонија. Затоа што имаме разни училишта каде што се појавува бројот на ученици што е 100%-тен од една етничка заедница, меѓутоа кое што училиште се наоѓа во друга општина, каде таа етничка заедница не е мнозинство во таа општина.

Заради тоа, ние мислиме дека е право на сите тие ученици и на вработените во тоа училиште да ја претстават мултиетничката реалност на тоа училиште.

Мислам дека со самиот факт, што еден амандман од овој вид, каде што се претставени сите етнички заедници, кои што не се мнозинство, тоа би влијаело кај сите пратеници во Парламентот на Република Македонија да еден амандман од овој вид се разгледа на посериозен начин и секако, да го прифати како решение и да немаме вакви проблеми што ни се случувале до сега.

Благодарам.

**Љупчо Јрдановски:** Благодарам.

Господине Трендафилов имате збор.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Благодарам господине Јорадновски.

Навистина очекував, како што рекоа и некои други пратеници, дека на овој амандман треба да се обрне посебно внимание, дека ќе го видам и вашиот потпис во рамките на оној сон за кој што ни прикажувавте. Навистина, јас не гледам причина зошто на вашиот коалиционен партнер не му се излезе во пресрет, каква е логиката, за еден Албанец, на пример, кој кога оди од Тирана до Корча никој не му бара пасош, не поминува гранична линија, а кога истиот Албанец би сакал

да оди во Тетово или во Гостивар, ете, некои дрски луѓе му бараат пасош и велат - овде постои гранична линија, вие ја напуштате територијата на Република Албанија и дојдовте во Република Македонија.

Навистина не сфаќам зошто вие господине Јордановски, како прв меѓу еднаквите, на начин како што се однесувавте денеска во оние 30 минути додека чекавме да ги прочитате, вие и вашите колеги весниците, не предложивте амандман по добриот пример на средновековна Јапонија, па сите на грбот да си ги носат знаменцата, како што рече почитуваниот колега и оние селани кои живеат во услови каде што неговата етничка заедница не е мнозинство, да има право да ги истакнува своите симболи и да ја манифестира, на тој начин, својата јазична, културна и национална различност.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо Којзеклиска, повелете имате збор.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе.

Откако е почната расправата за Предлогот на закон за употребата на знамињата, општата расправа, како и расправата по амандманите, јас едно милион пати најмалку кажав и сега ќе кажам, со оглед на тоа дека колегите од ДУИ не разбираат, законот за употребата на знамињата на заедниците не е обврска од Рамковниот договор. Не е обврска. Не сакам јавноста да ја убедуваат и нас пратениците дека тоа е обврска од Рамковниот договор.

Еве, ќе кажам зошто, ако не разбрале до сега. Во членот ...

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Којзеклиска,

Зборувајте за амандманот. Никаде не е спомнато дека е обврска...

**Марија Којзеклиска:** Па колегите, во образложување на амандманот и во негова одбрана велат дека е обврска од Рамковен договор.

**Љупчо Јордановски:** Не рекоа.

**Марија Којзеклиска:** Како не рекоа? Еве, Рустеми рече.

**Љупчо Јордановски:** Ќе ги извадиме сите стенографски белешки ако треба.

Зборувајте за амандманот.

**Марија Којзеклиска:** Вака претседателе,

Јас ќе прочитам, па вие прекинете ме ако можете.

Значи, имаме изразување на идентитетот. Една реченица, доколку можете да сослушате.

Во однос на симболите, прецизно е кажано како и каде се употребуваат симболите на заедниците. Значи, во однос на симболите, непосредно до симболот на Република Македонија, локалните власти ја имаат слободата на предната страна од локалните јавни објекти да постават симболи со кои што се одбележува толку прозваниот идентитет на заедницата што е мнозинство во општината, со почитување на меѓународните правила и примени.

Преточен во амандманот 8, им се дава право како што им се даваше и со членот 48 од Уставот што го замени амандманот 8. Значи, се разбравме дека не е дел од Рамковниот договор. Не е обврска од Рамковен договор.

Втора работа, многу убаво вака колегите од ДУИ го смислиле овој амандман, во кој што се бара, што не го прочитаа, јас ќе го прочитам.

Значи, пишува дека во единиците на локалната самоуправа во која живеат граѓани припадници на заедници и, најверојатно е техничка грешка, немнозинство, сакаат да кажат не се мнозинство во таа единица на локална самоуправа, согласно членот 2 на овој закон можат да го истакнат знамето на таа заедница пред и во месните самоуправи, како и пред образовните и културните установи.

Вака сега, месните самоуправи се начин на организација на единиците на локалната самоуправа, како еден од непосредните облици на организирање на граѓанте во една единица на локална самоуправа. Искрено да ви кажам, вака предложениот амандман мене ми е практично неприменлив. Основата на поднесувањето на овој амандман, како што кажав претходно, на колегите од ДУИ е следнава, значи за нив, како мнозинство во единиците на локална самоуправа требаше цел закон да донесеме и да се расправаме и ќе се расправаме уште пет дена во Парламентот и сега кога дојде ден за припадниците на заедницата, останатите, Бошњаци, Роми, Срби, Турци, Власи и тн., доволно е да дадат еден амандман и да се воведе еден член, наспроти целиот закон во кој еве, ние ви даваме право и во месните самоуправи, дури и пред образовните и културните установи да си го веете вашето знаме.

Искрено да ви кажам, не знам што право е тоа да го уживаат правото да го гледаат знамето како се вее пред образовните, културните или пред месните самоуправи. Искрено да ви кажам, не ми е јасно, не ми е јасна ни потребата од донесување на овој закон и воопшто што дискутираме ние. Меѓутоа, најверојатно под притисок Владата мораше да поднесе ваков закон и, ќе потенцирам и повторам, не е обврска од Рамковниот договор.

Како практично ќе излеза применливо, доколку пратениците го усвојат овој амандман во единиците на локалната самоуправа, каде тие заедници се немнозинство. Значи, ќе имаме пред единицата на локалната самоуправа, пред советот на општината, во не знам која општина да ја земам, Гостивар, Тетово, Центар Жупа, Дебар, значи ќе имаме, ако сака градоначалникот, ќе го истакне државното знаме затоа што во овој закон не е дадена можноста задолжително да биде истакнато знамето на Република Македонија, ќе биде истакнато знамето на заедницата, тоа е албанското знаме,

затоа што тоа, според колегите било национално знаме, утврдено со Уставот на Албанија. И, непроменливо е. Тоа е национално знаме не со Уставот на Република Македонија туку со Уставот на Албанија.

Понатаму, во месна самоуправа, не знам во кој дел на Гостивар има мнозинство Турци, ќе се вее во таа месна самоуправа турското знаме. Во друга месна самоуправа или образовна институција во која, не знам ни за која образовна институција, дали ако од пет паралелки три учат турски, две учат ромски, знамето што треба да се вее треба да биде турско или ромско, кој ќе го определи тоа? По број на училници, по број на професори кои таму ќе предаваат? Значи, во таа образовна институција ќе се вее знамето на пример на ромската заедница, и тн. Дали предлагачите на овој амандман размислуваа како ќе бие практично применлив овој амандман?

Да не ми се вадат тука на мене на право, прво ДУИ не е таа што дава право на другите заедници да ги истакнуваат знамињата на таа заедница. Вака, како што презентираа предлагачите на амднамнот, излегува дека ним им е дадено правото тие да даваат право на некој друг. Навистина е нелогично, неприменливо, практично овој амандман е неприменлив. Затоа ќе гласам против амандманот.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Којзеклиска.

Господине Хасипи имате реплика?

Три минути, повелете.

**Кенан Хасипи:** Господине претседателе,

Јас не би реплицирал, меѓутоа некои делови од излагањето на госпоѓата Којзеклиска ме принудија на тоа.

Прво, амандманто не е само на ДУИ. Ако фино ги прочита предлагачите испаѓа дека амандманот е од претставници скоро на сите етнички заедници. И на ромската, и на бошњачката и на турската заедница.

Второ, зошто вели пред образовните и културни институции. Па, госпоѓо Којзеклиска, јазичните, верските и културните карактеристики го изразуваат идентитетот на една етничка заедница, а не тоа дали се луѓето бели, црни или убави. Јазичните, верските и културните карактеристики. Не е чудно што тоа го правиме пред образовни и културни институции во единиците на локалната самоуправа.

Трето, дали вам лично ќе ви пречи во едно населено место со доминантно, да речеме бошњачко население, да се вее и бошњачкото знаме? Со што, со тоа, е повредена употребата на македонското државно знаме?

Четврта работа, овде никој не кажа дека тоа е обврска од Рамковниот договор од Охрид, иако во Рамковниот договор од Охрид е предвидено за припадниците на кои заедници имаат право да ги користат симболите. Само на тие што се во мнозинство, што се коси со уставното решение во амандманот 8, каде не е предвидено ниту мнозинство, ниту процент од 20%, ниту пак се вели "на начин утврден со закон".

Според тоа, употребата на знамињата на етничките заедници е слободно на просторите каде што тие живеат, независно колкава е нивната застапеност.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минута госпоѓо Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Господине Кенан Хасипи јас внимателно прочитав кои се потписници на амандманот. Меѓутоа, ова мене што ми го објаснувате, зошто не го објасните на Владата?

Зошто вие сега, преку амандман барате поддршка од нас за да ви се усвои амандманот?

Втора работа, мене не ми пречи бошњачкото знаме да се вее и ромско и влашко и српско. Ама, на што ќе личиме ние? Дури тогаш ќе бидеме Обединети Нации. Републка Македонија ќе биде Емпаелт Стејт Билдинг. Таму ќе се веат сите знамиња.

Вие велите јазично, културно. Ние овде зборуваме за закон за употреба на знамето. Не зборуваме за јазикот или за верата.

**Љупчо Јордановски:** Господине Јашари имавте реплика?

Имате три минути, повелете.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине претседател.

Од дискусијата на колешката можат да се направат многу големи реплики, но пред мене е Рамковниот договор и неколку пати се повика дека е или не е обврска, законот за употребата на симболите за Република Македонија.

Охридскиот договор не содржи одредби, туку точки. Во согласност со ова, јас би ве поканил да ја прочитате точката 7.1., додека една посебност, би ве поканил точката 10. од Анексот Б на Рамковниот договор, од каде што јасно се гледа и може да се прочита што се се кажува во оваа точка. Покрај другото, би прочитал, па се вели вака, Собранието на Република Македонија треб ада ги легализира сите точки од овој Договор, од оваа Спогодба на целосен начин да се ефектуира Рамковниот договор, додека преку него се задолжува да ги измени и одложи неколку одредби што не се во согласност со овој Договор.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Којзеклиска, една минута.

**Марија Којзеклиска:** Господинот Јашари чита така како што секогаш нему му одговара. И, согласно досегашните негови обраќања во Парламентот, постојано се повикува на членот 8 од Уставот, ставот 2, каде што се вели во Република Македонија е слободно се што со Уставот и закон не е забрането.

И, во контекст на тоа, точно е тоа дека постојат други закони. Меѓутоа, точно е и дека немаше

потреба од донесување на ваков закон. Јас сеуште тврдам дека не е обврска од Рамковен договор, затоа што во Рамковниот договор убаво стои како се изразува идентитетот и на крајот на краиштата измени и дополнувања на законот може да се направат, а не да се пишува закон специјално за потребите на албанската заедница.

Благодарам.

(Дофрлања од место).

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, благодарам. Молам, без коментари. Секој има право да има свј став, свое мислење. На крајот, со гласање ќе се усвои тоа што мнозинството го мисли.

Господине Чашуле имате збор, повелете.

**Слободан Чашуле:** Благодарам господиен претседател.

Прашањето што сакаме да го регулираме со овој амандман може многу едноставно да се реши. Ако владеачкото мнозинство направи политички договор, нека земат уште еден час пауза, нека седнат со Владата нека се договорат и Владата нека прифати еден многу едноставен амандман, како што прифати два други и да се вратиме назад на членот 2, таму каде што стои дека заедниците во Република Македонија, повторувам сите заедници во Република Македонија симболите што го истазуваат нивниот идентитет ќе можат да ги користат на знаме на кое што ќе биде искажан и заедничкиот суверенитет.

Заедничкиот суверенитет е прашање на, повторно, политички договор за што велам, за кој што сум убеден дека сме доволно способни да го постигнеме. Може да бидат боите на македонското знаме, може да биде сонцето, може да биде се што ќе се договориме...

**Љупчо Јордановски:** Господине Чашуле, членот 2 алинеја 2 го поминавме пред пет дена. Ве молам за овој амандман.

**Слободан Чашуле:** Јас зборувам за содржината на Предлогот.

**Љупчо Јордановски:** Не зборувате за тоа.

**Слободан Чашуле:** Ова е политичка институција во која ние со амандмани се обидуваме да кодифицираме права. Тие права ги кодифицираме, како што самиот пред тоа рековте, со одлука на мнозинството, па јас сега пледирам правото на заедниците да може да биде онака како што е побарано од сите, еве во случајов од претставникот на турската и од претставниците на албанската заедница, да можат да се користат на секаде, ама буквално на секаде, доволно е, заедно со симболот што е гаранција од Уставот, инспириран од Рамковниот договор, да стои и симболот на заедничкиот суверенитет. Ова е ваша, наша заедничка држава, што е поместена во едно мултикултурно општество.

Во тој случај, дали е училиште, дали е куќа, дали е било каква институција, знамето ќе може слободно да се вее бидејќи тоа ќе биде знаме на македонските граѓани или еве, за да не се разбираме со погрешен контекст, на граѓани од Република Македонија од албанско етничко потекло. Нивниот симбол и симболот на нивната држава, што е патем и наша.

Значи, овој амандман ќе станеше истиот момент општо прифатлив ако го има содржано во себе ова. Јас намерно зборувам за симболи, а не за знамиња, затоа што сите договори што ги постигнавме говорат за идентитет и за симболи. А, ова е граѓанска држава и во неа идентитетот треба да припаѓа на граѓанинот, идентитетот на неговата заедница, а не на државната заедница која други граѓани, со исто етничко потекло, успеале на друга територија да направат.

Значи, прашањето е едноставно и многу лесно решливо. Според тоа, господо, дајте да седнеме и да употребиме една друга одлука на Рамковниот договор, а таа е...

**Љупчо Јордановски:** Господине Чашуле, ова ви е втора дигресија. Се враќате на прашањето какво знаме треба да има етничката заедница. Тоа го апсолвиравме. Тој амандман го поминавме. Ве молам, вратете се на амднамнот.

(Реакции со дофрлања од место).

Така е, ве молам.

**Слободан Чашуле:** Почитуван господине Кинг,

Јас не сонувам на јаве, како што сонувавте вие во вашата тотално дигресивна дискусија по повод на не знам која точка на расправата. Овде јас зборувам за конкретно прашање што треба да го решиме со политички договор.

И по илјадитити пат прекинете ме со ова, ќе кажам, Рамковниот договор е договор на две страни, договор, не е чин на капитулација, не е чин на пораз, не е чин на победа, туку е договор Дајте да седнеме да се договориме, ваша и наша држава, вашиот симбол заедно на знаме и вејте го каде што сакате.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам

Повелете Господине Витановски, имате збор.

Пред тоа, господинот Макрадули има процедурално. Во што е процедурата, сега го опоменав, а третиот пат ќе му го одземам зборот.

**Јани Макрадули**: Не е насочена кон Вас, претседателе. Вие правилно постапивте и го прекинавте но, и господинот Чашуле и госпоѓа Којзеклиска, условно за да не бидам погрешно сфатен, ама ги скараа одредени пратеници кои се дел од политичкото мнозинство во ова Собрание, дека поднеле амандмани и дека решението треба да си го бараат во договори со Владата. Веројатно, не забрануваат пратеници овде во Собранието да си поднесуваат амандмани и мислам дека тоа образложените од нивна страна не држи. Апелирам, тоа да не го користат како аргумент. Впрочем, на пратениците им е дозволено, без разлика дали се од позиција или опозиција да си поднесат амандмани.

**Љупчо Јордановски:** Ова јас ќе го крстам како реплика.

Повелете господине Чашуле, имате една минута.

**Слободан Чашуле:** Јас се извинувам господине Макрадули ако стекнавте впечаток дека сум карал некого. Претседателот, со неговите опомени кои не стојат во Деловникот на Собранието, ме иритираа, возрасен човек сум па понекогаш така се изразувам. Не карам никого. Напротив, мислам дека имаат право на амандманот и велам дајте заедно да се договориме и Владата да направи еден амандман или да ви го прифати и го затворивме прашањето, ништо повеќе, ништо помалку. Ние ќе предлагаме амандмани, вие ќе предлагате амандмани со сето право, а јас само сакав да ви кажам, ајде еден заеднички амандман Владата да го прифати како политички договор во кој ќе го озакониме симболот и суверенитетот на знамето што заедниците ќе го користат и после тоа тоа знаме ќе биде на оваа држава, на сите нас и ќе го вееме насекаде.

**Љупчо Јордановски**: Благодарам.

Господине Витановски повелете.

**Јанаќе Витановски:** Благодарам претседателе.

Јас сега ќе зборувам како правник од мојата струка и ке кажам неколку видувања. Тоа е на членот 6 од Законот кој што е предложен од Владата и новиот член 6-а кој е предложен од група на пратеници со нивно право. Мислам дека, прво Рамковниот договор е потпишан на 13.август 2001 година, а уставните амандмани се на 20 ноември 2001 година. Ова што сега го поднесуваат пратениците со цела почит и нивно право, но мое лично мислење е дека ова не е во ред, бидејќи во Уставот и во Рамковниот договор јазикот е определенн со проценти, а изразувањето на идентитетот е со мнозинско. Сметам дека членот 6, во единиците на локалната самоуправа во која живеат граѓани припадници на зедниците и се мнозинство во таа единица на локална самоуправа итн., може да се истакнува знамето на Република Македонија и знамето на таа заедница. Амандманот кој што сега го предлагаат групата пратеници, тоа е во единиците на локалната самоуправа и онаму каде живеат граѓани и припадници на заедниците и не се мнозинство на таа заедница, значи, да можат да го изразуваат својот идентитетот и да го истакнуваат своето знаме. Сметам дека ако правиме разлика, еден колега пред тоа го забележа и го кажа, а јас сакам да го повторам тоа истото дека во Рамковниот договор тоа што е напишано треба да го читаме онака како што е напишано, а не да го толкуваме како што ние мислиме. Сметам дека изразувањето на идентитетот според Рамковниот договор се изразува со мнозинство и не би требало да ја читаме повторно точка 7.1 во која што е кажано дека идентиетот се изразува преку мнозинство во општината, а додека за она што се повикуваат на амандманот 8 од Уставот таму нема определено малцинство или мнозинство, но читајки ја точката 7.1 од Рамковниот договор, а ова ни е последната обврска од Рамковниот договор да го донесеме овој закон, мислам дека треба да има разбирање кај колегите од нашата коалиција, да имаат и тие разбирање за нас и овој амандман да го повлечат, бидејќи е во спротивност со точката 7.1 од Рамковниот договор. Ако правиме вака, мислам дека треба да правиме нови рамковни договори и што ли уште не. Бидејќи тоа е потпишано и треба да го почитуваме ние сите и да го читаме онака како што е напишано. Значи, да повторам уште еднаш, изразувањето на идентитетот е со мнозинство, а изразувањето на јазикот е во проценти.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Хасипи, имате реплика. Јас не гледам што можеме да докажеме со репликата. Се се искажа, се се докажа, но сепак повелете имате три минути.

**Кенан Хасипи**: Претседателе, благодарам.

Прво, јас не сум од тие пратеници што многу често реплицираат.

Второ, ова е амандман кој што директно засега до идентиетот и на турската заедница и редно е да исправам нешто што овде не беше точно искажано. После Јанаки се корегира, меѓутоа, рече дека ни во Уставот, ни во Рамковниот договор не стои таква одредба. Факт е дека во Рамковниот договор стои, но во уставната формулација не стои. Е, сега, ќе го прашам како правник. Правниот поредок на Република Македонија базира на Уставот, законите и меѓународните договори ратификувани во Собранието согласно Уставот, а не на рамковни договори. Според тоа, јас овде исклучиво го гледам Уставот, законите и меѓународните договори. Уставот ми го дава тоа право, дотолку повеќе што по формулацијата во уставната дикција не е врзано ни за мнозинство, ни за процентот 20%, ниту пак стои формулација на начин утврден со закон. Според тоа, да не ги дезинформираме луѓето и не мора да си правник ова да го разбереш. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Арифи имате реплика од три минути.

**Јусуф Арифи:** Благодарам господине претседател.

Почитуван колега, коколку овој амандман го гледаме од аспект на правник и самите забележавте дека има можност поинаку да се разбере, да има друга смисла. Да го погледнеме од друг аспект овој амандман. Сега националното знаме во овој момент е симбол и уште еднаш овде ќе го кажам дека е симбол на правата. Во некои општини каде што се употребува албанскиот јазик, речиси на сите нивоа и во училиштата и во судовите и во другите институции, доказ на правото ќе биде симболот. И, јас не гледам никаква причина ова да не се прифати. Доколку барате дали има уставна основа, дали има основа во Рамковниот договор, може и да имате право. Меѓутоа, гледајте го ова од овој аспект. Сега, кога ние сме како парламентарци, како пратеници во можност уште малку да го авансираме ова, бидејќи ги има

сите други права, меѓутоа, зошто да го нема и правото на симбол како доказ за тоа да ги ужива овие права. Ова беше причината за репликата. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Рафиз Алити и вие имате реплика.

Ве молам три минути.

**Рафис Алити:** Добро, колку за објаснување за пратеникот, бидејќи се повика дека е правник и јас верувам дека е така. Можеби тој е најповикан од правен аспект да ни говори во однос на овој амандман, но нема право кога вели дека да биде со проценти, бидејќи во овој амандман не бараме таму каде што има 20% едно население, една заедница да го има тоа право на употреба на неговиот симбол. Едноставно, се говори за тоа дека со членот 7 од овој предлог закон во употреба или ќе имаат право етничките заедници да го употребуваат нивниот симбол во семејни празници, во празници во текот на нивните спортски, културни манифестации итн. Знаејќи дека овие манифестации се одржуваат во училиштата или на разни патронати на училишта итн., ние мислиме дека овде има една законска празнина, каде и со закон доколку се прифати овој амандман, ќе се регулира и оваа област на употреба на знамето на таа етничка заедница која живее во тоа подрачје. Со овој амандман употребата на Законот ќе биде попрактична во секојдневниот живот, затоа што може да се случи во една општина каде етничката заедница е во мнозинство, објективно ќе го употребува во празничните денови пред објектите на месна самоуправа, во образовни или културни установи, додека на друго место каде етничката заедница не се во мнозинство, независно која етничка заедница припаѓа тоа училиште или таа месна самоуправа, утре може да дојде во спротивност со тоа дека не е регулирана оваа област со закон и некој да им ја спречи употребата на симболот на таа етничка заедница. Доколку сакаме навистина оваа област да ја уредиме за етничките заедници каде не се во мнозинство, мислам дека треба да се прифати еден ваков амандман, каков што е овој што сме го поднеле. Бидејќи, граѓаните на една заедница ќе се чувствуваат рамноправни, независно во која населба во Скопје живеат, во Куманово или во Гостивар живеат тие граѓани.

**Љупчо Јордановски:** Господине Витановски имате реплика од една минута.

**Јанаке Витановски:** Благодарам претседателе.

Јас сум само за тоа да се почитува Уставот и Рамковниот договор кога реков за проценти дека јазикот е уреден во Уставот во проценти и тоа е амандманот 5, тоа сите го знаеме, а додека изразувањето на идентитетот во Рамковниот договор, во точка 7.1 е изразен преку мнозинство. Јас само од тие два аспекта гледам дека овој поднесен амандман според мене не коренспондира. Заради тоа мислам дека треба да биде со мнозинство на население.

**Љупчо Јордановски:** Господине Адеми имате збор. Повелете.

**Абдулаќим Адеми:** Ви благодарам господине претседателе, почитувана госпого министер, почитувани колеги**.**

Во знак на подршка на овој амандман, ќе кажам и јас неколку збора. Сигурно дека намерата на секој предлагач на закон, меѓутоа и во оваа прилика на законот за употреба на симболите на етничките заедници, намерата е законот да биде практично во можност да се имплементира, да биде почитуван од сите граѓани и на некој начин условно кажано да произведува лојални граѓани. Гледано од овој аспект, мислам дека предложениот амандман со кој што се бара да се додаде уште еден член по членот 6, кој што член би бил 6-а, би го помогнал законот да биде спроведлив во практика во оние општини каде етничките заедници не се мнозинство. И тоа, токму тоа е спомнато во амандманот дека во тие општини во кои етничката заедница не е мнозинство да и се овозможи употреба на симболите на етничките заедници во локалните и месните самоуправи, како и пред и во објектите на образованието и објектите на културата. Затоа што, мислам дека овој амандман треба да биде усвоен и да се дозволи употребата на симболот на онаа етничка заедница во овие три институции или три објекти. Затоа што во Охридскиот рамковен договор се вели дека етничките заедници имаат право слободно да го изразуваат, култивираат и да го развиваат својот идентетитет и особеностите на својата етничка заедница. Идентитетот на етничките заедници и особеностите на етничките заедници сигурно дека се различни и идентитетот се изразува токму во овие институции, како што се образовните, културните институции. Секоја етничка заедница има посебни датуми, како за образованието, така и за културата. Има посебни датуми во кои што ги празнува тие денови на образованието и деновите односно културните денови. Затоа, воопшто нема да погрешиме, доколку го донесеме овој амандман, го усвоиме и да дозволиме и тие етнички заедници кои што не се мнозинство во посебни денови и во деноти кои што за таа етничка заедница се значајни, дотолку позначајни за развојот на идентитетот на тие етнички заедници да им се дозволи употребата на националниот симбол.

Овој амандман има и една друга димензија, која што беше спомената од предговорникот, меѓутоа јас ќе го повторам тоа. Овде се потпишани пратеници на разни етнички заедници, освен македонската, се разбира. Меѓутоа, има и една друга димензија дека овој амандман го потпишале пратеници на позиција и опозиција. Кога го имаме предвид фактот дека Законот за кој што се дискутира го уредува прашањето на употребата на симболите на етничките заедници, мислам дека треба да се земе предвид фактот што овој амандман го потпишале токму претставниците на етничките заедници кои што не се мнозинство во Република Македонија.

Фактот што се дискутира за овој амандман овде, без оглед на тоа на која политичка проминиенција се мисли или од кај доаѓа од позиција или опозиција, покажува дека амандманот, сепак има своја тежина и ова прашање треба да се уреди. Кога дискутираме тука и кога донесуваме одлуки за гласање на разни закони, ние треба да го имаме предвид фактот дека овие закони треба да бидат во интерес на сите граѓани на Република Македонија и да го имаме предвид фактот како ќе ја гледаме Македонија по неколку години, а не денес како сме. Мислам дека ние тука донесуваме закони за идните генерации, донесуваме закони за иднината на Македонија и нетреба да бидеме заложници на емоции, заложници можеби и на нашите политички определби. Верувам дека тука треба да бидеме поширокогради, да бидеме порационални и да не дискутираме со емоции, затоа што сигурно дека парламентарните седници се пренесуваат и јавно.

Уште еднаш ќе кажам дека ќе го подржам овој амандман со аргументите кои што ги дадов тука и се надевам дека и другите парламентарни групи ќе го поддржат тој истиот амандман, со единствена цел законот да биде спроведлив во практика и да им се дозволи на етничките заедници кои што не се мнозинство во општините да го употребуваат својот симбол пред месните самоуправи, училиштата и културните институции.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Бонева, имате збор.

**Силвана Бонева:** Почитувани колеги, сосема накратко ќе го искажам ставот на пратеничката група на ВМРО- ДПМНЕ по однос на амандманот со кој што се бара после членот 6 да се додаде нов член 6-а поднесен од група колеги пратеници. Повеќе од предлагачите беше кажано дека овој закон произлегува како последица од Рамковниот договор. Ако е така, тогаш конечно сите и парламентарното мнозинство и опозицијата и Владата како предлагач треба да се држиме до одредбите на Рамковниот договор и тоа го зборуваме со денови наназад. Најверојатно, како што порач овде пред малку колегата треба да бидеме рационални и широкогради и токму заради широкоградоста се погази Рамковниот договор кој што е основ и кој што треба да биде основ за овој закон, па заради широкоградоста се погази суверенитетот на државата Република Македонија кој што повторно е обврска од Рамковниот договор и точно даде во точка 1.2, каде што се вели дека суверенитетот и територијалниот интегритет на Македонија, па дури и унитарниот карактер на државата се неповредливи и мора да се сочуваат. Но, заради широкоградост и тоа се направи. Понатаму, заради широкоградост се погази повторно Рамковниот договор и наместо доследно почитување негово, она што е напишано во точка 7.1 каде што се кажува дека во однос на симболите, непосредно до симболот на Република Македонија локалните власти ќе ја имаат слободата на предната страна од локалните јавни објекти да постават симболи со кои што се обележува идентитетот на заедницата.

Наместо тоа во член 5 внесовме одредба со која, наместо пред локалните институции се ставо и пред државните институции и нормална последица на тоа е сега да се побара и нешто што не е поврторно во Рамковниот договор, а тоа е, наместо во локалните самоуправи каде што Заедницата е во мнозинство, во општината да се бара и за сите етнички заедници да можат, без да бидат мнозинство да си поставуваат знамиња со кои се обележува нивниот идентитет, пред училишната, пред месните самоуправи и културните установи. Значи, повторно веќе кога е отворен Рамковниот догоговор, кога веќе се погазуваат неговите одредби,еве имаме веќе трето барање за проширување на Рамковниот договор односно толкување така како што сакаме , а се повикуваме на Рамковниот договор.

Мора да биде јасно дека никој од пратениците од ВМРО-ДПМНЕ немаат апсолутно ништо против употребата на знамињата на етничките заедници и за тоа цело време се залагаме. Меѓутоа, кажавме за какви знамиња и каде тоа е кажано со Рамковниот договор и каде треба да се употребува.

Во членот 6 многу јасно е кажано дека заедниците кои се мнозинство можат и пред културни установи, каде што се одржуваат спортски натпревари на кои единицата на локална самоуправа е организатор можат да ги истакуваат своите знамиња, но проблемот е сега и во оние општини каде што има етнички заедници но не се во мнозинство. Јас мислам дека и ова прашање е решено и воопшто никој нема против истакнување на правото на симбол што, како што кажа колегата Алити е доказ на правата на етничките заедници. Етничките заедници тоа го имаа во членот 7. Тука многу јасно е кажано дека припадниците на заедниците во Република Македонија , знамето преку кое го изразуваат својот идентитет и особености имаа право да го употреваат во приватниот живот но и при одр;жување на културни, спортски и други приредби што го пргамозораат припадниците на заедниците во Република Македонија . Сега не знам што е спорно и зошто се бара нов член 6-а, на членот 6 со овој Амандман кога со члњнот 7 веќе е кажано дека можат и пред културни и пред спортски установи и други приредби кои што ги организираат припадниците на заедниците да ги користат своите знамиња, значи она што беше кажано од колегите пратеници предлагачи дека етничките заедници што се мнозинство во тие училишта, значи мнозинство во училиштата а не во локалната самоуправа дека имаат право на свој нетнички симбол. Ако тие ученици и тие родители прават приредба, според кажувањат ана членот 7, никој не им забранува на етничките заедници, на приредби да го истакнуваат своет

знаме со кое ќе го одбележат својот идентитет, бидејќи повторно ќе кажам членот 7 зборува дека при одржување на културни, спортски и други приредби што ги организираат припадниците на заедниците во Република Македонија, имаат право да ги истакнуваат своите знамиња. Значи, апсолутно не станува збор за ускратување на правата на етничките заедници кои не се мнозинство и мислам дека овде треба да се заземе еден став, дали овој закон што го носиме го носиме заради тоа што е обврска од Рамковниот договор, или пак заради широкоградоста, на кој како ќе му текне си ги надминува одредбите на Рамковниот договор, дурит и Владата на Република Македонија. Од тие причини пратеничката група на ВМОРО-ДПМНЕ, нема да го гласа амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Велију, имате збор.

**Фазли Велију:** Благодарам претседателе, почитуван министре, почитувани колеги,

Мислиме дека овој амандман ќе ги исполни сите празнини што ги нема покриено самата Влада со овој закон и како највисока институција во земјава ќе ја уреди оваа празнина и ние ќе имаме право на употреба на националното знаме во еден поширок простор и не според составот кој го има предвидено Владата, значи над 50%.

Донесуваќи го овој амандман истовремено ќе ја искажеме и желбата на народот, во целост на народите кои живеат во Републиката ги исполнуваме нивните барања и малку подобро употребата на знамето на албанците, истовремено и на турците и на другите заедници кои живеат во Република Македонија. Тоа не е новина. Тоа сме го имале и во минатото. Но, од 2002 година, со новиот Устав ќе се зајакне уште еднаш законот за употребата на знамето и нема да има дискриминација меѓу делови на народи и помеѓу самите граѓани. Тоа го велам бидејќи на многу места, ние имаме 45% од нашето население, на пример во Кичево, во Куманово, во Пелагонија, во Кавадаречкиот регион каде може да се употреби само едно знаме, а не може да го употребуваат нивното национално знаме. Оваа дискриминација го погаѓа двојно нашиот граѓанин, бидејќи граѓанинот од Кичево и Куманово ќе оди во Тетово и Гостивар да ги одржува манифестациите кои им припапаѓаат на нивната заедница. Мислам дека сите ќе имаме една здрава логика за да постапиме на овој начин, на начин да не создадеме револт кај нашето население и тоа население да го оспориме како припадници на оваа земја. Јас ќе бидам во делот на донесувањето предвидено од страна на Владата, на овој закон, доколку се донесе и амандманот 6-а. Инаку, нема да го гласам законот што го има поднесено самата Влда. Мислам дека Министерот има право уште еднаш да го анализира овој амандман, заедно со нас пратнеиците и заедно со Владата да се направат измени и работата да ни тече добро во ова Собрание на целиот простор во земјата, каде ние, според Уставот и Рамковниот договор сме рамноправни граѓани.

**Љупчо Јордановски:** Господине Шаќири имате реплика?

Повелете три минути реплика.

**Џезаир Шаќири:** Ви благодарам господине претседател,

Господинот Велиу навистина не можам да го разберам . Наместо овие зборови да ги кажете пред министрите кои што ја направиле грешката и го прифатиле, го усвоиле законот со тоа над 50% албанци да можат да го употребат нивното национално знаме. Вие многу добро знаете и колегите од ДУИ дека овој амандман нема да биде подржан од вашите партнери во коалицијата и нема да помине. Второ, ние сите знаеме дека овој закон, од малцинствата како што се Ромите, Труците, Бошцит,Србите и другите дека е ова добро за нив не е за нас што сме 25,6 % и ќе беше добро да бидете малку поупорни или да влијаете малку повеќе кај вашите министри кои ја направиле оваа грешка, да не кажам некој потежок збор. Исто така ги побарал од вашите колеги кои се присутни овде во Парламентот, пратениците на ДУИ, тоа се многу слаби методи, или вие правите политички маркетинг во однос на овие закони,кои се толку ниски и тие закони ги имаат прифатнео вашите министри, а вие се обидувате да ги поправате нивните грешки. Бидете малку посериозни во предлагањето на амандманте.

Овој амандман е за малцинствата, не за 25,6% колку што сме ние албанците овде.

**Љупчо Јордановски:**Повелете господине Караџоски имате збор.

**Жарко Караџоски:** Почитуван претседателе, почитувани колеги, јас овој амандман би го нарелкол амандман на утеха или утешителен амандман за кој големите грижници, пратнеичката група на ДУИ со големо срце им дозволуваат или им овозможуваат на останатите заедници кои не се мнозинство на Република Македонија , а се мисли на сите оние наброени во Уставот, да имаат право да истакнат знаме таму каде штп ќе остане некој празен или злободен барјак односно некоја бандера , што значи дека нема да можат секаде каде што ќе има албанско знаме, само таму каде што ќе остане слободен простор или место. Тоа го направиле месни самоуправи, или , просто кажано месни заедници, некоја училница во образовниот систем и тука и таму некоја културан установа. Тоа е се што со добра волја на ДУИ им се овозможува на останатите заедници во Република Македонија. Колку пати човек да кажува и со овој амандман, токму овој амандман потврдува дека заедниците во Република Македонија, што е спротивно на Раконвниот договор и на неговата цел, сите заедници како се дефинирани, очигледно токму овој амандман потврдува дека не се рамноправни во Република Македонија и токму овој амандман потврдува дека Република Македонија, според овие што го

предлагаат амандманот, треба да биде бинационална држава во која ќе се вејат две знамиња секаде, на јавни објекти, при посета на високи функциониери на Меѓународната заедница итн, а во останатите случаи, таму каде што нешто ќе остане, не знам, може и некоја друга заедница дда го вее своето знаме, колку да ги утешиме и колку да ги натераме со замка да го потпишат овој амандман и да бидат задоволни, да ќутат и да седат во Владата за да го прават тоа мнозинство. Инаку, ако се толку дарежливи, еве јас би им го поставил прашањето на колегите од ДУИ, зошто тогаш не реагираа и зошто тогаш не поднесоа амандман каде што се зборува за оној цензус од 50% и за мнозинство, каде се зборува дека знамето на етничките заедници или на заедмоцоте вп Република Македонија можат да истакнат до колку се мнозинство во локалната самоуправа или просто кажано над 50%. Зошто таму не интервенираа. Нека бидат рамноправни за сите. И онака Македонија како Република ќе личи, јас многу пати кажувам, во однос на истакнувањето на знамињата, на село весело, ама нека биде комплетно барем, сето нека се вее и да нема воопшто цензус. Нека вее секој каде што ќе стаса. Тоа би било концепт на рамноправност за која многу пати милуваат да зборуваат, а очигледно е што сакаат. Меѓутоа мене ме чуди токму припадниците на останатите заедници кои така широкоградо го прифаќаат и уште малку не знам каков гест на благодарност ќе му искажат на ДУИ.

Сакам и една друга работа да потенцирам. Имено кога се поднесува еден ваков амандман треба една работа да расчистиме.

Прашањето кое овој амандман го регулира, да не заборавам и да ги потсетам колегите кои очигледно заборавиле дека тоа е регулирано со Законот за локална самоуправа и тоа по член 41 став 3. Јас ќе го прочитам да биде јасно: "Прописите кои се однесуваат на културата, употребата на јазиците и писмата на кои зборуваат помалку од 20% од граѓаните во општината, утврдувањето и употребата на грбот и знамето во општината, се усвојуваат со мнозинство гласови од присутните членови на Советот, при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови на Советот кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство население во општината". Значи ова е системски закон. Ова е одредба со која е регулирано како може да се употребува знаме на една заедница која е помалку присутна односно помалку застапена од 20% и тоа го регулира Советот на општината на начин како што овде е објаснето. Сега вментнувањето на еден ваков амандман во еден закон на ниво на Република, апсолутно го елиминира или оваа одредба, или пак оваа која треба да влезе во членот 6-а, не е во ред. Значи тоа требало колегите да го земат предвид затоа што со овој амандман воопшто не се кажува кога и кој ќе одлучува да се вее знаме пред месна самоуправа, пред образовни објекти итн. Кој ќе одлучува? Повторно Советот. Заради тоа јас не гледам причина зошто треба да има ваков амандман освен она што го кажав претходно. И да ви кажам искрено, што е многу, многу е. Очигледни се работите. Сега да се покриваме со некои вакви амандмани и да кажуваме колку сме ние загрижени за останатите, навистина е мнгу. И децата веќе почнаа да разбираат која е основната цел и која е поентата на овој закон. Од тие причини Владата сигурно и затоа не го ни прифаќа овој амандман затоа што ја знае позадината. Овде и е потребно на пратеничката група на ДУИ, бидејќи е таа најмногу потпишан. Тоа и е потребно за да се оправда пред другите заедници. Инаку во суштина апсолутно не е она што е целта на Рамкковниот договор и на уставните измени и на она што сме го дефинирале дека сме држава на заедници, нема рамноправност. Овој амандмансамо тоа го потврдува, го потврдува бинационалниот концепт и потврдува дека заедниците можат да веат свое знаме само таму каде ќе остане слободен барјак.

**Љупчо Јордановски:** Благодара,

Господине Алити вие први се јавивте за реплика.

Повелете имате три минути.

**Рафис Алити:** Господине претседателе,

Господине Карџоски, ДУИ, така како што го коментирате вие не се работи за тоа дека доделува права, туку е многу нормално, овој амандман го има предложено во духот на Рамковниот договор и тоа што е кажано во Уставор а тоа е дека сите етнички заедници треба да ги уживаат нивните права што им припаѓаат. Има случајно Предлог законот што го имаме пред нас, или насловот на овој Предлог закон е предлог закон за употреба на знамињата на етничките заедници во Република Македонија. Во спротивно ќе имавме еден предлог закон за не употреба на симболите на етничките заедници во Република Македонија , што значи самиот наслов на овој предлог закон говори за употреба на симболите и е многу нормално дека ние со овој амандман сакаме и таму каде етничките заедници, бидејќи, уште еднаш ќе нагласам, цениме дека има вакум во опвој предлог закон и таму каде етничките заедници не се во мнозинство им се гарантира употребата на нивниот симбол во приватниот живор, во семејните прослави, во приредбите на месните самоуправи, културни, спортски итн. Значи им се гарантира употребата на нивниот симбол. Со овој предлог закон мислиме дека ќе ставиме една правна основа нивните симболи да ги употребуваат во тие општини каде не се во мнозинство, пред објектите како што се месните самоуправи, образовните, културните установи итн. Не држи тоа што вие цело време го говорите и пред јавноста дека наводно ние правиме дил со етничките заедници да ги стекнат нивните права. Ние сериозно мислиме дека ова право им го гарантира Уставот, им го гарантира и овој Предлог закон, само треба да се стави правна основа за утре да нема злоупотреби.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Караџоски имате една минута контра реплика.

**Жарко Караџоски:** Господине Алити тоа што вие сека сакате овде во законот да уредите нешто е веќе регулирана работа . Во членот 41 став 3 се зборува за прописите кои се однесуваат и да не го читам, култура, употреба на јазик, знаме итн, за тоа одлучува и решава Советот на општината каде такви заедници се по 20% и е регулиран начинот на кој тоа ќе се решава. Јас не гледам од каде сега одеднаш оваа грижа кај вас, со еден ваков амандман да регулирате нешто што е регулирано. Според тоа , вакквкот амандман, јас повторно ќе кажам само би го изразил бинационалниот карактер на Република Македонија што овој закон вака читано го изразува . Инаку нема што да се регулира нешто што е регулирано. Потполно е јасно.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Јашари, имате три минути реплика.

**Аднан Јашари:** Благодарам господине претседателе.

Во членот 41 став 3 кој што го имам пред мене се регулираат прашања кои што се во однос на јазикот, културата и писмото, меѓутоа, тие се прашања кои се во однос на локално ниво, локалната самоуправа и овие прашања не се уредуваат почитуван колега, со закон, туку затоа се нарекуваат прописи, кои што немаат законски карактер, туку имаат подзаконски карактер. Законите вака кои што се преку кои, или со кои се уредува и областа на знамињата, може да ги донесе само Републичкото Собрание, бидејќи само тоа е законодавно тело, додека советите на општините не се законодавни тела. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Караџоски имате една минута.

**Жарко Караџоски:** Господине Јашари, законот за локална самоуправа е системски закон, донесен од Собранието на Република Македонија. Во него се регулира се што значи локален живот. Истакнувањето знамиња на етничките заедници, исто така е прашање од локалниот живот. Значи се веат вака како што предлагате во амандманот. Месни самоуправни, културни установи се однесуваат за локална средина. Месна самоуправа не може да биде Собрание на Република Македонија. Према тоа, овој член го апсолвира прашањето за кое што разговараме и дискутираме и тоа е потполно решено и кажано. Се зборува и за јазик, но се зборува и за употреба на грбот и знамето на општината и така натаму, да не читам, бидејќи го имате пред вас. Значи овој амандман само создава една грижа, која е непотребна, затоа што е регулирано и ова што го кажав претходно. Значи целта е сосема друга.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманнот.

Ги молам пратениците да влезат во салата, за да го гласаме амандманот.

Објавувам пауза за ручек до 15,30 часот.

(По паузата)

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот на пратениците во салата.

Ги молам уште еднаш пратениците да велзат во салата.

Службите нека го утврдат бројот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеника, 16 гласале за амандманот, нема воздржани, 44 против амандманот.

Во саслата се присутни 61 пратеник.

Контатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на насловот пред член 7 по член 7, поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**Мери Младеновска-Георгиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Благодарам претседателе.

Значи овој амандман е во контекст на еден претходен мој амандман, каде што зборовите:"употребата на знамето на заедниците во приватен живот" барав да бидат бришени. Тоа беше во членот 3.

Значи и членот 7 и насловот барам да се бришат. Сметам дека нема потреба од ваква одредба, затоа што овозможувањето знамињата на националностите или заедниците да се користат буквално во секој сегмент и овозможувањето и во приватниот живот, вака како што е дефинирано отвора простор за можност, буквално знамето на заедниците да биде користено и употребувано постојано. Праксата и досега покажала дека поводи има еден куп, да неречам разни други пригоди, така да, знаејќи ги навиките на етничките заедници, мислам дека ваквата одредба се коси со она што е основно начело и се коси со она што е основна цел, доколку се овозможи употреба на знамиња на заедниците. Сметам дека со бришењето на членот 7 и насловот, никој нема да им го оспори правото на заедниците да го употребуваат знамето во приватни цели и нема потреба да се потенцира посебно и нема потреба да се става посебно во вид на член, затоа што тоа право и не е проблем.

Од тие причинисметам дека е непотребно. Дури имаше амандман каде што и овие наслови требаше да се бришат. Употреба на знамињата во јавниот и во службениот, потоа и во приватниот. Сметам дека е непотребно затоа што

се доволни сите овие членови, кои што кажуваат каде се може да се користи знамето.

Така да членот 7 и насловот, според мене треба да отпаднат. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Адеми имате реплика или збор.

Повелете господине Адеми.

**Абдулаќим Адеми:** Ви благодарам господине пртседател.

Амандманот кој го има поднесено господинот Караџоски, станува збор за бришење на член 7 каде се утврдува јасно дека сите етнички заедници имаат право на употреба за да го изразат нивниот идентитет и нивните посебности за да го употребуваат во нивниот приватен живот симболот или подобро речено, знамето. Овој предложен амандман од господинот Караџоски е апсурден и без содржина, со самиот факт дека се труди ова право кое е во нивниот приватен живот да го имаат правото етничките заедници да го употребуваат слободно знамето, да им го ускрати ова право. Се додека ние во претходниот амандман кој не се прифати од Владата, односно од Министерството за правда и од пратениците, настојувавме тоа право да го прошириме и во општините каде што не се мнозинство. Пратеникот Караџоски, сега се труди приватното право да им го ускрати на граѓаните, или подобро речено на припадниците на етничките заедници. Мислам дека овој амандман не треба да се поддржи и ние како парламентарна група ќе гласаме против овој амандман. Но, се додека тој не обвини за првиот амандман дека ние имаме тајни, скриени, цели, Македонија да ја направиме двонационална, им ги ускратуваме правата на другите етнички заедници и тн., сега излезе на површина токму јасната цел на предлагачот на овој амандман кој настојува и приватното право на употреба на знамето да им го ускрати на етничките заедници во целост, без оглед за која етничка заедница се говори. Затоа велам, ние ќе гласаме против овој амандман и верувам дека сите ќе бидеме против и предлагачот на овој амандман треба да биде против овој амандман. На крајот на краиштата треба да го повлече кој амандман мислам дека е асимилаторски.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Имате господине Караџоски три минути реплика.

Повелете.

**Жарко Караџоски:** Господине Адеми кога зборувате за тоа која е моја јасна цел, мора да ве корегирам. Значи не е моја јасна цел знамињата на етничките заедници да се веат во приватниот живот, како што кажува во овој член. Моја јасна цел господине Адеми е воопшто да не се веат етнички знамиња во Република Македонија. Тоа јавно го кажувам и моја јасна цел, ако Уставот ја дефинира Република Македонија како унитарна држава и поаѓајќи од примерот на останатите унитарни држави во Република Македонија да се вее едно знаме, а не сто.

Моја јасна цел, господине Адеми е да не се веат две или повеќе државни знамиња на странски држави, тоа е мојата јасна цел. Знаејќи ве господине Адеми во сите заложби кои овде ги правите во Собранието по разни закони по разни основи, која е вашата јасна цел, па оттука произлегува и нашата јасна цел. Со оглед да декларативно едно говорите, но друго правите, нормално да следат од нас вакви амандмани.

Инаку, јас кажав и во моето уводно излагање, чести се приликите кога правите свадби, а на нив пукате, па кога некој објаснува зошто таму се пука, некој објаснува дека е тоа свадба, па какви се злоупотреби може да има во употреба на една ваква одредба каде знамето буквално ќе се вее на секоја куќа и на секое место по разни поводи за приватни цели.

Јасната цел ние ја искажуваме и ја кажуваме, а незнам зошто вие ја криете. Ние треба да толкуваме дека со ваков закон и со слични како овој не дека е бинационална, туку веќе на секој граѓанин во Република Македонија му е јасно и не би сакал да се повторувам, значи ако имавте цел и за претходниот амандман и за многу други да дадете право на сите заедници рамноправно во Република Македонија не мораше вакви одредби, не мораше цензус од 50%, не мораше многу други работи, не мора слепо да се држите за албанското знаме, ставете некоја апликација и проблемот ќе беше решен. Меѓутоа, вие упорно тврдите и си го терате вашето, упорно стоите на вашите ставови, сега одеднаш некој друг имал кој знае какви други цели.

Благодарма.

**Љупчо Јордановски:** Една минута господине Адеми, имате контра реплика.

**Абдилаќим Адеми:** Ви благодарам. Сигурно дека доколку продолжиме со расправата по овој закон ќе излезе на виделина јасната цел на предлагачите на амандманите од ВМРП-Народна, во овој случај, и сигурно дека ние немаме скриени цели, туку ги искажуваме јавно која е нашата цел. Ние сакаме Македонија да ја чувствуваат како своја држава, сите да бидат рамноправни, тајни цели немаме, сигурно дека нашите и вашите цели се дијаметрално спротивни и овде нема никаков сомнеж.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Алити.

**Рафис Алити:** Благодарам господине претседател.

Навистина мислам дека овој амандман не треба да се поддржи од парламентарното мнозинство овде во Собранието од причина што се однесува на амандман кој е во спротивност со Уставот, се разбира и со Рамковниот договор, а бидејќи е во спротивност со Уставот, верувам дека пратениците нема да го подржат ваквиот амандман, туку господинот Караџоски порано не обвини дека ние од ДУИ освен што настојуваме

или едноставно речено го толкуваме Уставот и Рамковниот договор за правата кои им припаѓаат на етничките заедници сега излегува вистинското лице дека господинот Караџоски и неговата парламентарна група, се разбира, не само што предлагаат амандмани кои се во однос на правата на етничките заедници, напротив, и тоа што им се гарантира со Уставот, се обидуваат со вакви амандмани да не се овозможи да ги уживаат правата кои им припаѓаат.

Во иднина господине Караџоски немате право да не обвинувате дека ние од ДУИ се бориме за правата на граѓаните. Напротив, денеска јасно се покажа кој за што се обидува. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минута господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Господине Алити, одамна во Република Македонија се знае кој за што се бори. Мојот амандман воопшто не покажува кое е моето вистинско лице и што сакам со овој амандман и за што се борам. Вие тоа многу посликовито и поверодостојно сте го докажале. Лично вие. Овој амандман не го поднела парламентарната група на ВМРО-Народна, туку го поднел Жарко Караџоски и ако ме обвинувате, обвинете ме мене, а не парламентарната група на ВМРО-Народна. Ако беше така ќе стоеше како во вашиот амандман сите потпишани, а дали овој амандман има врска со Рамковниот договор или со Уставот, тоа е прашање за кое може да дебатираме до кога сакате, но не е мал случај каде што ни за вас ни за некој друг не значат ништо одредбите од Уставот, тоа сте го прекршиле во многу наврати. Така што, се додека го прикривате вашето...

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот (на реакцијата од господинот Караџоски претседателот се извинува), се извинувам господине Караџоски, сега ќе ви дадам плус една минута, ќе почнам од почеток. Се извинувам, јас мислев една минута контра реплика. Се извинувам.

Прифаќате извинување? Кажете дека прифаќате.

**Жарко Караџоски:** Барем да ја завршам реченицата.

**Љупчо Јордановски:** Се извинувам, толку реплики, толку контра реплики. Продолжете.

**Жарко Караџоски:** Добро, нема сврха да се продолжи, само да ја завршам реченицата.

Значи, воопшто амандманот нема никаква цел од она што го кажува колегата, јас сметам така како што напишав овде и сметам дека начинот на кој ќе се регулира во законот за кој јас предлагам да се брише е можност за злоупотреба и веење на знамето и каде што му е и каде што не му е местото. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеника, 8 гласале за, 2 воздржани, 56 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворма претрес по амандманот за менување на член 7, поднесен од пратеникот Марија Којзеклиска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за правда.

Повелете госпоѓо Младеновска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Којзеклиска амандманот не ви е прифатен.

Повелете имате збор.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе.

Како што велат колегите од левата страна не ни очекував да биде прифатен, па тоа што не можат да го кажат јавно на говорница, јас ќе го кажам.

Само накратко да објаснам, овој член 7 од Предлогот на законот вели вака:

Припадниците на заедниците во Република Македонија знамето преку кое го изразуваат својот идентитет и особеностите имаат право да го употребуваат во приватниот живот и при одржување на културни, спортски и други приредби што ги организираат припадниците на заедниците во Република Македонија.

Сега, мојот амандман е, ваков. Припадниците на заедниците во Република Македонија, покрај знамето на Република Македонија можат во приватниот живот да го употребуваат и знамето преку кое го изразуваат својот идентитет и особености. Основата на овој мој амандман вака предложен лежи во членот 15 став 1 точка 5 од Законот за грбот, знамето и химната на Република Македонија каде се вели дека знамето на Република Македонија може да се истакне при празнување на приватниот живот на граѓаните. Значи, ако државното знаме или знамето на Република Македонија е дозволено со закон или може да биде истакнато при празнување на приватниот живот на граѓаните, апсолутно нелогична ми е потребата од посебен член, од посебна глава во овој закон глава која вели: употреба на знамињата на заедниците во приватниот живот и која глава има само еден член, овој член 7, апсолутно ми е неприфатливо да има посебна одредба за употребата на знамето на заедниците во ваков закон кога се однесува на знаме на заедница, наспроти одредбата од членот 15 од Законот за грбот, знамето и химната кој е, реков, и минатиот пат дека е лекс генералис во однос на овој закон за употреба на знамињата на заедниците.

Од сите дискусии кои се однесуваа и на претходниот член, колегите од ДУИ укажуваа на апсурдноста на претходниот амандман од колегата Караџоски, еве, сега ќе ги повикам, овој мој амандман не е апсурден, па да гласаат и да

покажат добра волја во името на унитарна Македонија, дека не се за бинационална држава, дека се за правата на сите заедно и од тие причини ќе ги повикам и колегите од ДУИ да поддржат ваков амандман предложен од моја страна. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Стојаноски имате збор.

**Блаже Стојаноски:** Уште кога ја видов оваа точка за употреба на знамињата на заедниците во приватниот живот, тоа што ми падна на ум беше тоа дека на овој начин со законот се навлегува во приватноста на поединецот, што не е во согласност со Уставот на Република Македонија, затоа што правото на приватност е загарантирано, согласно Уставот.

Значи, ако секој граѓанин на Република Македонија во приватниот живот има право да ги врши сите оние активности и да ја изразува својата национална припадност и сите други негови обележја како граѓани на Република Македонија, навистина не гледам никаква смисла со закон да се уредува прашањето на употребата на знамињата ...

**Љупчо Јордановски:** Господине Стојаноски, ве молам зборувајте за амандманот, бидејќи амандманот не расправа за тоа, а во општата расправа по текстот кога ќе дојде, можете тоа да го кажете.

Амандманот вели, покрај знамето на Република Македонија, може во приватниот живот да се веат, ако имаше амандман, требаше да дискутирате кога господинот Караџоски бараше комплетно да се брише, ви ја прифаќам таа дискусија. Сега зборуваме за еден друг амандман, конкретно кој поинаку ги регулира работите во членот 7.

Ве молам зборувајте за амандманот.

**Блаже Стојаноски:** Господине претседателе, членот 7 гласи дека припадниците на заедниците, тоа значи граѓани на Република Македонија, поединци, кои се припадници на заедниците имаат право да го употребуваат знамето во приватниот живот и потоа продолжува, и при одржување на културни, спортски и т.н. активности.

**Љупчо Јордановски:** Ние не дискутираме за членот 7, туку дискутираме за амандманот кој гласи...

**Блаже Стојаноски:** Со овој амандман се менува содржината на членот 7 и од тој аспект јас зборувам за амандманот зошто го подржувам.

**Љупчо Јордановски:** Вие не го подржувате амандманот, туку зборувате дека приватно е правото како и што ќе биде. Вие го подржувате амандманот на господинот Краљевски кој бараше да се брише сето тоа. Вие тогаш не бевте присутни, затоа зборувате зошто треба, покрај знамето на Република Македонија во приватниот живот, против што сте вие, бидејќи велите тоа е приватно право, да го употребуваат и знамето преку кое го изразуваат својот идентитет и особености. Зборувајте за амандманот.

**Блаже Стојаноски:** Господине претседателе, не сакам со вас да полемизирам и ве молам да ме оставите да искажам моето...

**Љупчо Јордановски:** Не можете да полемизирате, бидејќи не сте во право. Во тоа е проблемот. Затоа велам не сте во право, зборувајте за амандманот.

**Блаже Стојаноски:** За право на поединец или за право на етничка заедница?

**Љупчо Јордановски:** Зборувам за амандманот на госпоѓа Којзеклиска. Тоа што вие го зборувате беше амандманот на господинот Караџоски претходно, каде бараше комплетно да се брише. Тоа може да биде ваше објаснување дека правото на поединец е приватно право и нема потреба законски да се регулира. Сега имаме конкретен амандман каде се бара и тоа да се регулира само да стои плус нешто друго. Ве молам за амандманот.

**Блаже Стојаноски:** Се надевам дека без нервоза ќе продолжи оваа дискусија затоа што сакав да искажам една споредба помеѓу она што се наведува во членот 7 и она што е предложено со амандманот. Тоа значи следното:

Ве молам да ме исслушате.

**Љупчо Јордановски:** Во ред е ако зборувате за амандманот.

**Блаже Стојаноски:** Во членот 7 како што стои сега на кој член се поднесува амандманот од колешката Којзеклиска се поистоветува приватниот живот, значи употребување на знамиња на етничките заедници и на државното знаме, како што стои во амандманот, со употребата на знамињата при одржување на културни, спортски и други приредби.

Значи, со овој член се поистоветува правото на приватност на поединецот со употребата на знамето на јавни собири.

**Љупчо Јордановски:** Тоа значи дека вие сте против амандманот на госпоѓа Којзеклиска?

**Блаже Стојаноски:** Не. Тоа значи дека кога се работи за јавни собири, не можете вие да утврдувате употреба само на знамето на етничката заедница, туку и на државното знаме, што е наведено во амандманот. Мислам дека сега се разбравме.

**Љупчо Јордановски:** Јас не ве разбирам, но продолжете.

**Блаже Стојаноски:** Добро, има некој кој ме разбира.

Значи, членот 7 онака како што е предложен од страна на Владата не значи ништо друго, туку поистоветување на приватното живеење...

**Љупчо Јордановски:** Не ми зборувајте за членот 7, зборувајте за амандманот на госпоѓа Којзеклиска.

**Блаже Стојаноски:** На кој член е амандманот?

**Љупчо Јордановски:** На членот 7, но не онака како што е предложен, туку како што е предложен од госпоѓа Којзеклиска амандманот.

Тој го пропушти вашиот амандман и сосема адекватна дискусија ќе биде за вашиот амандман.

Добро, навистина понекогаш сум наивен. Повелете.

**Блаже Стојаноски:** Добро, јас сакам само да искажам поддршка на амандманот на госпоѓа Којзеклиска. Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам. Добро, малку да се размрдаме, бидејќи се...

Повелете госпоѓо Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе.

Се јавив за да дадам подршка на амандманот, а причините ќе ги образложам зошто.

Мене, искрено, овој амандман ми е разумен и реален, а е таков од причина што предвидува, покрај знамето на заедницата во приватниот живот да се употребува и знамето на државата. До сега, за жал, морам да констатирам дека не се покажа никаков респект спрема државното знаме од одредени заедници, а ова е ретка можност да покажат и докажат дека ја респектираат државата во која живеат, а тоа ќе го покажат со почитување на државното знаме кое, патем речено, е знаме кое не изразува ничиј национален идентитет, туку знаме кое детерминира припадност на една држава.

Со едно вакво решение ќе се покаже лојалност спрема државата, истовремено ќе се искаже и идентитетот на заедницата.

Од оваа причина, очекувам дека парламентарното мнозинство ќе даде подршка на ваквиот амандман, а јас ќе ја дадам својата. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Лалчевска.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Само да завршиме со гласање, па ќе има процедурално.

55 пратеника гласале од кои 6 за амандманот, 1 воздржан, 48 против.

Службите нека го утврдат бројот на присутните.

(Службите го утврдуваат бројот на присутните пратеници во салата).

Во моментот на гласање во салата беа присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Повелете господине Караџоски, процедурално.

**Жарко Караџоски:** Господине претседателе, сакам да ми објасните како јас се избришав од списокот, не ми е јасно кој ме избриша, бидејќи јас самиот не се избришав. Јас бев пријавен и таму излезе Жарко Караџоски пред вие да го заклучите претресот.

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски точно е излезе, ве молам, дали можам да појаснам.

**Жарко Караџоски:** Ова е диверзија.

**Љупчо Јордановски:** Потоа се исклучивте.

**Жарко Караџоски:** Не се исклучив, јас се пријавив и ме снема.

**Љупчо Јордановски:** Не беше на дисплејот, а како се случило тоа, ќе добиете дополнителна информација.

**Жарко Караџоски:** Па, затоа требаше да прашате претседателе дали сум пријавен за збор.

**Љупчо Јордановски:** Отворам претрес по амандманот на член 7, поднесен од пратеникот Назми Беќири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за правда.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеника, 4 за, нема воздржани, 50 против.

Во салата се присутни 63 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 7, поднесен од пратеникот Благородна Мингова Крепиева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда Мери Младеновска Ѓоргиева.

**Мери Младеновска Ѓоргиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеника, 2 за, 3 воздржани, 48 против.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Со оглед на тоа што амандманот за менување на член 8 поднесен од пратеникот Марија Којзеклиска, амандманот на член 8 алинеја 1,2 и 3 поднесен од пратениците Роза Топузова Каревска, Слободан Најдовски, Благој Голомеов, Петар Апостолов, Соња Лепиткова, Тома Глигориевски и Нелко Стојановски, амандманот на член 8 за додавање нова алинеја 4 по алинеја 3 поднесен од пратениците Лилјана Поповска и Тито Петковски, амандманот на член 8 за додавање нов став 2 по ставот 1 поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска и амандманот на член 8 за додавање нова алинеја 4 по алинеја 3 поднесен од пратеникот Благородна Мингова Крепиева кои се точки 34, 35, 36, 37 и 38 од списокот на амандманите по кои се води претрес, се однесуваат на исто прашање. Предлагам по нив да водиме заеднички претрес, а гласањето да го вршиме за секој од нив одделно.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 48 пратеници, 45 за, 1 воздржан, 2 против.

Констатирам дека овој предлог е усвоен.

Госпоѓа Роза Топузова Каревска има процедурално.

**Роза Топузова Каревска:** Не знам колку би имало смисла почитуван претседателе, меѓутоа сакам да укажам дека се сложувам со амандманот на член 8 алинеја 1,2 и 3 да се расправа истовремено, бидејќи навистина имаат многу заедничко. Но, за разлика од тоа со амандманот на член 8 за додавање нов став 2 по ставот 1, тоа веќе суштински се разликува. И затоа мислев да расправаме по овие амандмани одделно. Исто и од пратеничката Благородна Мингова Крепиева. Освен тоа доколку се усвојат амандманите, тогаш овие амандмани стануваат безпредметни. Значи, ако се усвојат претходните амандмани, тогаш амандманот на член 8 за додавање на нов, тогаш нема да има потреба од него. Токму заради тоа.

**Љупчо Јордановски:** Прашањето е слично. Но, ние би гласале посебно. Тоа значи дека вашиот амандман може да биде усвоен.

**Роза Топузова Каревска:** Јас имам право да дискутирам одвоено по двата.

Повелете госпоѓа Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Претседателе, иако се однесуваат на ист член, сосема различни решенија нудат амандманите и не е можно да расправаме.

**Љупчо Јордановски:** Можно е да расправаме, бидејќи некаде се два метри, некаде се 20 метри.

**Ристана Лалчевска:** Претседателе, вие барате строго држење до амандманот. Како ние ќе се држиме до овие амандмани?

**Љупчо Јордановски:** Па вие дискутирајте ги амандманите и вашиот амандман дискутирајте го, ако имате вие амандман. И убедете не дека треба да се прифатат. Значи, ние ќе гласаме посебно по секој амандман. И тоа е деловнички и тоа го изгласавме.

Го молам претставникот на Владата да се изјасни дали ги прифаќа амандманите.

**Мери Младеновска Ѓоргиевска:** Амандманите не се прифаќаат.

**Љупчо Јордановски:** Амандманите не се прифаќаат.

Кој бара збор?

Има збор госпоѓа Марија Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Ви благодарам претседателе. Значи, со овој мој амандман и еден претходен амандман кој се однесува на начинот на истакнување на знамињата да биде како посебна глава. Меѓутоа, парламентарното мнозинство тоа не го прифати. И сега во членот 8 се вели дека во единиците на локалната самоурпава во која живеат граѓани припадници на заедницата А се мнозинство во таа единица на локална самоуправа, знамето на Република Македонија и знамето на таа заедница се истакнуваат на следниот начин. Алинеја 1, кога знамето на Република Македонија е истакнато заедно со знамето на заедницата и знамето на единицата на локалната самоуправа, знамето на Република Македонија се истакнува во средината, додека знамето на заедницата е 2 метри на десно гледано од напред, а знамето на единицата на локалната самоуправа е 2 метри на лево од државното знаме. Алинеја 2 вели: Кога знамето на Република Македонија е истакнато заедно со знамето на заедницата, знамето на заедницата е на десно гледано од напред од знамето на Република Македонија. И алинеја 3 кога се истакнати повеќе од три знамиња, знамето на Република Македонија ќе биде прво во редот.

Мојот амандман се однесува за да не бидат лево, десно, горе, доле и да нема три алинеи гласи вака: Во единицата на локалната самоуправа во која живеат граѓани припадници на заедницата, а се мнозинство во таа единица на локалната самоуправа, кога знамето на Република Македонија се истакнува заедно со знамето на единицата на локалната самоуправа и други знамиња, тогаш знамето на Република Македонија се истакнува на прво место од левата страна оддалечено 2 метри, повисоко за 1 метатр и со поголема димензија од знамето на единицата на локалната самоуправа и другите знамиња. Пак основата на овој амандман лежи во членот 17 од Законот за грб, знаме и химна на Република Македонија во кое стои дека, ако знамето на Република Македонија се истакнува со знамето на единицата на локалната самоуправа и други знамиња, знамето на Република Македонија се истакнува на прво место од левата страна оддалечено 2 метри, а повисоко за 1 метар и со поголема димензија од знамето на единицата на локалната самоуправа и од другите димензии. Искрено да ви кажам не знам зошто морал предлагачот вака да ги искомплицира работите со знаме од лево, знаме

од десно, па врз основа на таа нивна компликација сега јас да барам каде да го сместам знамето, државното знаме на Република Македонија. Од тие причини го формулирав вака овој амандман заснован на членот 17 став 5 од Законот за грб, знаме и химна на Република Македонија. Сметам дека овој амандман е многу подобро конципиран отколку самиот член 8 наведен во Предлогот за донесување на закон. Но, од друга страна знаејќи ги апетитите и желбите на припадниците на заедниците кои се мнозинство во општините, тоа се однесува претежно на албанската заедница и нивната желба да го гледаат како се вее знамето што на локални, што на приватни забави, што на културни, спортски и други приредби. Не верувам дека ќе наидам на поддршка на овој амандман. Останува само парламентарното мнозинство, а и додека Владата не го прифати ваков каков што е предожен, сметам дека парламентарното мнозинство треба да гласа за овој закон и непотребно да ги немаме алинеите кои се предложени, 2 метри ваму, 2 метри таму.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитувана госпоѓо министер, пратеничката група на Либерално демократската партија предложи амандман со кој се предвидува државното знаме кога е поставено заедно со знамињата на останатите заедници, или знамето на локалната самоуправа да биде поставено еден метар повисоко и да биде со поголеми димензии. Целта на ова е затоа што ние сметаме дека сепак има потреба да се направи дистинкција на државното знаме на Република Македонија кое е носител и го изразува државниот суверенитет и помеѓу знамињата на заедниците кои ги изразуваат само нивните особености и идентитет. Токму заради тоа сметаме дека ваквата поставеност на државното знаме на Република Македонија јасно го детерминира знамето како симбол и носител на суверенитетот. Впрочем, ние сметаме дека со државното знаме е нормално, а и потребно е и пожелно е да се идентификува секој граѓанин на Република Македонија без разлика на неговата верска и национална припадност. Затоа сметаме дека вака предложениот амандман би требало да биде прифатен од сите кои што имаат намера и желба да го почитуваат суверенитетот на Република Македонија. Освен тоа беше споменато, и јас сакам да кажам дека вака предложениот амандман е во согласност со она што ни е понудено во Законот за употреба на грбот, знамето и химната на Република Македонија, односно во неговиот член 17 став 5 каде што стои: Ако знамето на Република Македонија се истакнува со знамето на единиците на локалната самоуправа и другите знамиња, знамето на Република Македонија се истакнува на прво место, а повисоко за еден метар и со поголема димензија од знамето на единицата на локалната самоуправа и другите знамиња. Ако овој закон е донесен на 9 јули 1997 година и се однесува како што кажав за употребата на симболите и за државното знаме, мислам дека е потребно и овој закон да биде во согласност со него.

На крајот сакам да кажам дека за нас е ова многу прифатливо решение кое што би направило целиот овој закон кој што ќе го донесеме може понатаму да издржи било каква критичка опсервација и истовремено со овој амандман законот ја опфатил реалната ситуација која денеска ја имаме во Република Македонија по однос на ова прашање и со тоа сметаме дека законот ќе биде применлив што всушност е главна цел и на секој закон за да се смета како еден успешен проект.

Во спротивно, со неприфаќањето на овој амандман сметаме дека било кое друго решение нема до крај да го одразува суверенитетот и државноста на Република Македонија. И би останало нешто недоречено во врска со тоа и секако дека со тоа би се предизвикале непотребни тензии во сферата на меѓуетничките односи. Сосема на крајот, мислам дека нудиме еден амандман кој што можеби беше критикуван од некои пратеници овде, но за македонската јавност е прифатлив и сепак ја нагласува државноста и исто така за македонската јавнсот и експертите е прифатлив и ја одразува како што реков реалната ситуација која моментално ја имаме во Република Македонија со нагласена државност и суверенитет на државата.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓа Топузова.

Споени се амандманите.

Има збор пратеникот Лилјана Поповска.

**Лилјана Поповска:** Благодарам.

Господине потпретседателе, почитувана госпоѓа минситер, почитувани пратеници. Овој амандман го дадов заедно со колегата Тито Петковски. Се однесува на истиот член 8 каде што е предвидено во сите случаи кога се истакнува знамето на Република Македонија тоа да биде повисоко за еден метар и со поголеми димензии од другите знамиња. Образложението е сосема кратко. Овој амандман се предлага заради усогласување со членот 17 од Законот за употреба на грбот, знамето и химната на Република Македонија кој е веќе одамна во употреба.

Значи, читајќи го законот наидов на многу грешки. Меѓутоа, кога дојдов до овој член 8, ја прочитав и оваа грешка и си реков: ова е очигледна техничка грешка, ќе треба да се усогласи, да се поправи со еден амандман. Амандманот не го сметам за особено значаен кога веќе пропаднаа оние суштински амандмани кои што сите се однесуваа за употребата, односно неупотребата на знамиња идентични со знамиња на други држави во нашата земја. Сите други се веќе второстепени амандмани што ги предлагаме во споредба со одбивањето на тие амандмани што

се однесуваа на членот 2. Меѓутоа, како и да е законот, сепак треба да се бориме да биде што попристоен колку е тоа можно. Значи, во овој член 8 апсолутно треба да се внесе ваква измена и ова што го зборуваа колегите пред мене, и ова што ние со колегата го предлагаме. Тоа е варијација на тема, суштината е иста. Бараме усогласување на Законот за употреба на знамињата на заедниците со Законот за употреба на грб, знаме и химна на Република Македонија. Искрено кажано бев убедена дека овој амандман ќе биде прифатен на самата седница од претставниците на Министерството и искрено не можам да се изначудам како може да се одбие овој амандман кога е тој едноставно техничко поправање на грешката што очигледно постои во законот. Јас навистина би молела објаснување од министерката со кое образложение таа одбива да го усогласи, односно одбива да го почитува Законот за државни симболи кој што е веќе во употреба. Мене навистина тоа не ми е јасно. Инаку, не би аргументирала зошто е овој амандман важен, не би се повикувала ни на експерти. Доволно е да си писмен човек, да го прочиташ законот и едниот и другиот и да знаеш дека овде има дефект кој што треба да се поправи.

**Слободан Најдовски:** Има збор господинот Блаже Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Успеав сега без присуство на претседателот да добијам збор и се надевам дека ќе можам да го искажам она што сакам да го кажам. Кога зборуваме за членот 8 навистина можеме да зборуваме која цел треба да се постигне со овој член, затоа што сите овие амандмани се однесуваат на оживотворувањето фактички на одредбите кои што беа утврдени со членовите 2,5,6 и 7 од овој закон. Значи, ако е целта со истакнувањето на државното знаме на Република Македонија на одреден начин да се истакне суверeноста на Република Македонија онаму каде што се истакнуваат овие знамиња како што е наведено во овој закон, тогаш јас сметам дека парламентарното мнозинство го решава прашањето со прифаќањето на членот 2 од овој закон, односно со оставањето на можноста да се употребува знаме на туѓа држава во Република Македонија. Значи, на овој начин со овој член 8 не може да се зборува за заштита на суверенитетот на Република Македонија, со тоа што државното знаме на одреден начин би било истакнувано пред објектите и во објектите, а особено не во објектите каде што се сместени државни органи. Значи, тоа прашање е апсолвирано и од тој аспект јас не ги гледам овие амандмани, затоа што овие амандмани не можат да значат зачувување на суверенитетот на Република Македонија преку знамето, или надминување на можноста за истакнување на туѓо знаме во Република Македонија и на тој начин искажување не на национален идентитет, туку на национален суверенитет на заедниците во Република Македонија.

Меѓутоа, има еден друг аспект на кој што може да се однесува членот 8, а тоа е како да се оживотвори еден вака компликуван, ако можам така да кажам закон. Затоа ако била намерата со членот 8 да се реши ова компликувано оживотворување на законот за употреба на знамињата на заедниците, тогаш во тоа се успеало, затоа што членот 8, исто така, дополнително го компликува она што е веќе почнато со решенијата што ги имаме во претодните одредби на овој закон.

Прво и основно прашање, во членот 8 е наведено дека во единицата на локалната самоуправа во која живеат граѓани, припадници на заедницата, а се мнозинство во таа единица на локална самоуправа, знамето на Република Македонија и знамето на таа заедница се истакнуваат на следниот начин:, значи утврдено е само истакнувањето на знамето на Република Македонија и истакнувањето на знамето на таа заедница. Меѓутоа, не е определно во кои случаеви. Не е определено на кој начин се истакнуваат овие знамиња, ако тие се истакнуваат согласно членот 5 од овој закон. На кој начин се истакнуваат овие знамиња во членот 5, само да ве потсетам, наведено е дека овие знамиња се истакнуваат и пред и во објектите на државните органи, јавните служби и правните лица основани од државата. Јавните служби и правните лица основани од единицата на локалната самоуправа, потоа јас не знам како тоа ќе изгледа на улиците, па на плоштадите. Затоа што поставувањето на знаме, од лева страна на два метри на десно, знамето на етничката заедница, јас не знам како тоа ќе го обезбедите во услови кога тоа треба да биде истакнато во една просторија, значи во објектите на државните органи, каде што димензиите на таа просторија можат да бидат 3, 2 или 4 метри.

Понатаму, како тоа ќе изгледа на улиците, дали тоа значи ако нема доволно простор на еден столб ке се постават и други столбови што ќе овозможат исполнување на одредбите од овој закон? Или, ако одиме понатаму, согласно член 6 на овој закон, знамето на Република Македонија и знамето на таа заедница...

**Слободан Најдовски:** Господине Стојаноски, господине Стојаноски, претседателот не е тука, но има човек кој го заменува. А и тој внимава на процедурата и на Деловникот.

Вие веќе четири минути зборувате настрана од амандманот.

**Блаже Стојаноски:** Зборувам точно за амандманот.

**Слободан Најдовски:** Момент.

**Блаже Стојаноски:** За сите амандмани.

**Слободан Најдовски:** Член 5, член 6, не се во овој амандман и сега зборувајте за амандманот што е поднесен од пратениците што ги прочитавме и за кои што расправата е споена.

**Блаже Стојаноски:** Зборувам за начинот на истакнување на знамето на Република Македонија...

**Слободан Најдовски:** Тоа ке го дискутирате во општата расправа кога ќе дојде на крајот, ако сакате.Сега имате амандман и ве молам дискутирајте за амандманот што е поднесен од пртениците.

Продолжете да дискутирате.

**Блаже Стојаноски:** Зборувајки за амандманот, каде што е наведено дека знамето на Република Македонија се истакнува заедно со знамето на единицата на локалната самоуправа и други знамиња тогаш знамето на Република Македонија се истакнува на прво место, од левата страна, оддалечено два метри, повисоко за еден метар и со поголема димензија од знамето на единицата на локалната самоуправа и од другите знамиња, јас морам овој амандман да го донесам во контекст со одредбите на овој закон што претставуваат услов за истакнување на знамето на Република Македонија и знамето на етничката заедница што претставува мнозинство во единицата на локалната самоуправа.

Имајќи предвид дека овој амандман се однесува на остварувањето на правото на етничките заедници на употребата на нивното знаме, односно претставува начин на кој што би им се имплементирале можностите што се даваат во членовите 5,6 и 7 на овој закон, односно употребата на знамето на Република Македонија и употребата на знамето на етничката заедница при, пред и во државни објекти, објекти на единици на локална самоуправа, потоа при одржување на јавни манифестации, на други приредби, спортски, политички итн. манифестации, како и во приватниот како и во приватниот живот и на манифестации што се организирани од страна на припадниците на етничката заедница, навистина јас не гледам можност, ниту тоа што претставува законско решение, ниту пак она што се предлага со сите овие амандмани да може да биде оживотворено. Затоа што не може да биде оживотворено нешто што не е прецизирано на кој начин тоа се врши. Не може подеднакво да биде регулирано истакнувањето на знамињата и во и надвор од објектите. Не може да биде поддеднакво регулирано истакнувањето на знамињата на политички собири, пример во спортски сали итн., каде што имаме ситуации во кои што имаме други знамиња. Затоа што политички собири, по дефиниција, значат истакнување на знамиња на политички субјекти што ги организираат тие собири.

Значи, ако веќе зборуваме за употреба на знамињата, тогаш сметам дека членот 8 вака како што е предвиден и сите амандмани поднесени на членот 8, нема никаква основа да бидат дефинирани на ваков начин како што е тоа направено, без притоа да се дефинира секое конкретно употребување на државното знаме и секое конкретно употребување на државното знаме заедно со знамето на етничката заедница, како и при јавни манифестации, политички собири и други манифестации што ќе значат просторни ограничувања за употреба на овие знамиња како и улици, плоштади итн., каде што нема објективни услови за употреба на знамињата на ваков начин.

Ова, уште еднаш кажува, вака како што е предложен, апсолутно не е поднесен до овој парламент за да се реши ова прашање, туку напротив, само со цел да се задоволи потребата за презентација на една етничка заедница дека го решила ова прашање, а во суштина ќе ја имаме истата ситуација што ја имаме и денес. Тоа е, независно од законот, да се употребуваат знамињата како што тоа го сакаат и го можат припадниците на етничките заедници, независно од законските обврски и законите во Република Македонија. Затоа што ако имавме регулиран начин нан употреба на знамето, ако веќе имаме Закон за знаме на Република Македонија, за употреба на државното знаме, тогаш не гледам никаква причина и во овој момент да не се стави прво ситуацијата на терен, фактичката состојба, согласно Уставот и законите, па потоа да се регулира на начин што ќе значи вистинско остварување на националниот идентитет и особеностите на етничките заедниво во Република Македонија.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стојаноски.

Сепак, ќе прокоментирам, на крајот некажавте ни за ни против амандманот и морам да Ви кажам не дискутиравте за амандманот. Сепак, да не останеме така.

Дали некој се јавува за реплика од пријавените во меѓувреме?

Повелете госпоѓа Топузова - Каревска.

**Роза Топузова- Каревска**: Почитуван потпретседателе,

Моето време ќе го искористам и за кратка реплика на господинот Блаже Стојановски.

Не е точно дека со вака поставеното знаме, односно она што го нуди овој амандман не се нагласува државноста и суверенитетот на Република Македонија.

Сега, за она другото што го говореше, надвор од контекстот, ние сега говориме за овој закон, закон што нам ни е понуден. Токму поради тоа во рамките на овој закон нудиме решение преку кое што ќе биде нагласена државноста и суверенитетот.

Значи кога ќе говориме за законот за симболите на етничките заедници или употребата на нивните симболи и кои ќе бидат тие симболи, можеме да разговараме и поинаку. Но, во овој момент уште еднаш ќе нагласам, амандманот е предложен во функција на законот што ние е понуден.

Сега би било малку нелогично да отворам дискусија, бидејќи ги исполнивме сите амандмани, по амандманот на член 8 за додавање на став 2, затоа што, доколку се усвои овој амандман, пратениците го усвојат тогаш тој станува беспредметен. Но, бидејќи немаме можност да се искажам, затоа што ги споивме амднамните, морам сега да кажам барем неколку зборови во одбрана на следниот амандман.

Со амандманот на член 8, каде што во ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

"Во случаите од став 1 на овој член, димензиите на сите знамиња треба да се еднакви, а доколку димензиите се различни, ниту едно друго знаме не смее да биде поголемо од знамето на Република Македонија, ниту пак било кое друго знаме може да биде поставено повисоко од знамето на Република Македонија.

Конкретно и овој амандман е во согласност со веќе цитираниот закон што пред малку го цитирав за употреба на симболите, знамето, грбот и химната на Република Македонија и со членот 17, така што го предложи со цел да не ни се случи сега една обратна ситуација од тоа што сега го предлагаме. Тоа е да било кое друго знаме биде поставено повисоко и со поголеми димензии. Тогаш веќе сметаме дека тоа нема да дава една реална слика и да знаеме кое е државното знаме на Република Македонија, затоа што со поставеноста од еден метар лево или два метра десно, апсолутно не може да значи ништо доколку било кое друго знаме, дали тоа ќе биде на локалната единица, дали на било која етничка заедница, да биде поставено со поголеми димензии и биде поставено повисоко, тогаш законот не би ја постигнал целта што ја има поставено пред себе.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Топузова.

За реплика се јави госпоѓа Бонева Силвана.

Повелете госпоѓо Бонева имате три минути.

**Силвана Бонева:** Немав намера да реплицирам и да зборувам по однос на овој амандман, бидејќи беше доволно кажано. Меѓутоа, би сакала да си замислиме една ситуација кога покрај државното знаме имаме веќе уште едно туѓо државно знаме и, ако за два метри го качиме повисоко државното македонско знаме, не за еден метар, туку за два метри, за колку проценти повеќе ќе се нагласи суверенитетот на државата Република Македонија? Тоа би сакала да добијам одговор од госпоѓата Топузова Каревска за да ја знам суштината на суверенитетот на државата Република Македонија што беше спомнат.

**Слободан Најдовски:** Јас не сум математичар. Претседателот да беше тој е математичар. Поставивте математички проблем.

Една минута контра реплика за госпоѓа Топузова - Каревска, повелете.

**Роза Топузова - Каревска:**Прашањето е поставено ,многу тенденциозно и освен тоа не е добронамерно. Со самото прашање се сака да се карикира суверенитетот на државата и мислам дека целта што имаше намера да ја постигне госпоѓата Силвана Бонева, не ја постигна. Напротив, докажа нешто сосема спротивно на тоа. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Збор има пратеникот Мингова - Крепиева Благородна.

Повелете госпоѓо Мингова -Крепиева.

**Благородна Мингова - Крепиева:** Благодарам потретседателе.

Иако мојата колешка Роза доста ми помогна околу образложениетo, јас имам малку поразличен амандман од оние што се предложени од останатите колеги. Но се договоривме дека заеднички ќе расправаме по амандманот на членот 8 на Предлогот на закон за употреба на знамињата на заедниците.

Морам да кажам дека досегашните амднамни, подесените на членот 8 и на колешката Лилјана Поповска и на останатите, најмногу се однесуваат на варијација на членот 17 од Законот за употребата на грбот, знамето и химната на Република Македонија, каде што прецизно е регулирано како, на која висина и со кои димензии ќе се употребува знамето на Република Македонија.

Во овој член, можеби е направена и несреќна комплилација начленот 17 од Законот за употреба на грбот, знамето и химната на Република Македонија со употреба на знамињата на заедниците и, можеби, главната карактеристика на овој закон што во многу случаи решенијата се непрецизни.

Затоа е можеби и дилемата кај поголемиот број на пратеници во врска со овие амандмани, дали ќе се повикуваме на Законот за употреба на знамето на Република Македонија и членот 17, така како што е даден во тој закон или понатаму ќе останат да важат само овие три алинеи, како знамето на Република Македонија во однос на знамињата на заедниците ќе биде поставувано во единиците на локалната самоуправа во кои живеат граѓани и припадници на едниците, а се мнозинство.

Амандманот го дадов само што се однесува до димензијата. Кажувајќи дека димензијата на знамето на заедниците не може да биде поголемо од државното знаме, мислам на заедницата, односно од знамето на Република Македонија, сакајќи да потенцирам дека сеуште ги немаме ниту дефинирано знамињата на заедниците, ниту нивните димензии, дека при истакнувањето мора до крај да се почитувачленот 17 од Законот за употреба на знамето на Република Македонија.

Со неприфаќањето на овие амандмани останува отворена дилемата дали понатаму ќе може секогаш да се повикуваме на член 17 од Законот за знамето на Република Македонија или само ќе ги испочитуваме овие три алинеи од членот 8

што говорат за тоа како ќе биде поставено знамето на Република Македонија и знамето на заедницата, така што јас само можам да ги замолам пратениците околу димензијата на знамето да го поддржат тој амандман. Благодарам.

**Слободан Најдовски**:Три минути реплика за господинот Стојаноски Блаже.

Повелете господине Стојаноски.

**Блаже Стојановски:** Навистина колешката зборуваше во насока на она што јас зборував, а тоа е дека со овој закон не се почитува ниту Уставот ниту Законот за знамето на Република Македонија, меѓутоа, тука има една друга дилема што веројатно не е забележана, а се однесува на алинејата 3 од вој член.

Ако забележувате, тука се зборува за истакнување на повеќе од три знамиња. Тука се зборува дека знамето на Република Македонија ќе биде прво во редот, а имате услов, во членот 5, каде што официјален претставник на странска држава, кога доаѓа во посета ќе бидат истакнувани знамињата на заедниците.

Ако зборуваме во таа насока, се прашувам што би се случило кога премиерот на Република Албанија би дошол тука? Тогаш имаме истакнување на албанското државно знаме, на знамето на албанската етничка заедница, што е исто со тоа знаме и на знамето на Република Македонија. Во таа насока се согласувам со вас дека прво прашање што треба да се реши не е само големината на знамето, туку употребата на знамето на туѓа држава, а второ би било големината на државното знаме во случај кога тоа би требало да биде со иста големина како и знамето на државата чиј претставник е во официјална посета на Република Македонија. Затоа што тоа фактички е знак на рамноправност, што е основен принцип во меѓународните односи помеѓу државите како политички субјект.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стојановски.

Една минута контрареплика, госпоѓа Мингова - Крепиева.

Повелете госпоѓо Мингова - Крепиева.

**Благородна Мингова - Крепиева:** Колега Стојаноски, јас нема да навлезам во вашата замка, постојано кога разговараме за Законот за употреба на знамиња на заедниците да говорам само за една заедница.

Реков дека овој закон се однесува на сите. Сите можни варијации на темата, како ќе се случи при посета или меѓународна или друга, ќе ги оставам да се решаваат во пракса и не верувам дека на тој начин ќе постигнеме согласност да го решиме ова право на еднакви можности на сите граѓани во Република Македонија, со тоа што ќе им го дадеме правото на сите да ги користат сопствените симболи според сопственото убедување и според својата културна традиција.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Којзеклиска Марија.

Повелете госпоѓо Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска**: За мојот амандман и за амандманите што се предложени од другите пратеници, според дискусијата на претходните дискутанти, очигледно дека се јавува спор врз основа на кој закон ќе се употребува знамето, во ситуација кога имаме недефинирано знаме на заедниците или немаме закон за знаме на заедниците.

Гледајќи го членот 17, споредувајќи го со членот 8 од Предлогот на закон, за што имам амандман за кој што сега се расправа, ние, всушност доаѓаме до ситуација во Законот за грб, знаме и химна каде што е дефинирано, ако знамето на Република Македонија се истакнува со други знамиња, а ако се истакнува со знамињња на други држави, ако има повеќе од три знамиња, ние едноставно да ставиме еднаквост или да го препишеме, овој закон во членот 8 од Предлогот на законот за употреба на знамињњата на заедниците, дали сме свесни во која опасност се доведуваме како држава кога правиме знак на еднаквост помеѓу државното знаме и начинот на неговата употреба, дефинирана 67 година што ќе рече во минатиот век и сега со овој закон со кој се бара знамето на заедниците да биде изедначено. Тоа е едниот сегмент.

Вториот сегмент, овој член 8 влегува во Главата 3-начин на истакнување на знамињата на заедниците. Во претходните членови, почитуван претседателе, почитувани колеги и почитуван министер и во членот 5 и во членот 6 се вели:"Во единиците на локалната самоуправа во кои живеат граѓани припадници на единиците и се мнозинство во таа согласно член 2 пред и во објектите". Се прашувам, дали ако е веќе начин на употреба на знамињата, како што не се прифати ниеден амандман, останува ваквиот текст од Предлогот на законот. Значи и пред објектите и во објектите државните органи, јавните претпријатија, правните лица основани итн. Дали во сите единици на локална самоуправа, се прашувам, ќе има место 2 метри лево, 1 метро десно, даможат да бидат поставени воопшто знамињата, затоа што самата Глава на која се поднесува амандманот вели, начин на истакнување на знамињата на заедниците. Ние не зборуваме за пред објектите, а сакам да зборуваме пред објектите. Но, очигледно Министерството не сака па вели пред и во објектите во единиците за локална самоуправа. Дали некој размислуваше, предложувајќи ја ваквата формулација како тоа практично ќе изгледа во јавно претпријатие, во правно лице основано од страна на единиците на локалната самоуправа, во органи на државната управа во единиците на локална самоуправа итн. Не можам да ги разберам, мислам ги разбирам она што го кажа колешката Лилјана Поповска магарето отишло, ние за самарот правиме моабет, меѓутоа, ред е да кажам за да се види практичната примена на овој заон доколку

воопшто и најде практична примена, посебно во делот на употребата на државното знаме на Република Македонија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Мавровски Спиро.

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине потпретседателе.

За ова се што разговараме до сега мислам дека и членот 8 е еден од овие кои што апсолутно ништо не дефинираат, за жал, затоа што и овој што го предлага законот, ова што го гледаме пред нас, мислам дека воопшто Министерството и нема претстава како треба сето ова да изгледа, а и ова што е понудено како амандмани со кои што може да се поправи барем членот 8, мислам генерално со ова ние не можеме ништо да поправиме, но ќе нанесеме уште поголема забуна. Тоа е така, затоа што во самиот член, гледајќи дека не само што не е дефинирано знамето на заедницата, не се дефинирани ни знамињата на единицата на локалната самоуправа. И, кога вие, со овие 2 метри ќе ги поставите знамињата и каде ќе ги поставите, апсолутно ќе дојдеме до една дискрепанца што ќе се чудиме што се случува. Затоа што, колку што слушав денеска и колку знаат поголемиот дел од пратениците сето ова ќе се случува во единици на локална самоуправа, кои што можеби имаат месна заедница, можеби и немаат за домови на културата или образовни институции и каде се ова планирате да се вее со претходните членови, мислам дека ќе направиме нешто што или училиштето нема да се познава или пак месната заедница ќе треба да ја наредиме цела со знамиња. А, што ќе биде од сето тоа ќе кажат граѓаните. Дали знамето на Република Македонија ќе биде прво или на таа зграда или на јарболите кои што ќе се наместат и колку јарболи треба да местиме, затоа што кажавме дека постојат начини каде што има повеќе заедници кои што можат да истакнат свои знамиња, па тука кога ќе дојде и знамето на единицата за локална самоуправа, знамето на Република Македонија , па можноста заедниците да одберат друго државно знаме, па едното да биде 2 метра, друго 1 метро и ние сега ќе се расправаме дали е тоа начинот на кој што во Република Македонија ќе се реши законот и знамето на Република Македонија на начин со кој што ќе се вее државното знаме онака како што сите посакуваме да ја искаже сувереноста на Републиката. Мислам дека ќе треба да се води многу повеќе сметка за сето ова, па затоа имаше амандмани кои што не ги прифативте, како тоа би изгледало пред единиците на локална самоуправа, како би изгледало внатре во единиците за локална самоуправа , како би било при организирање на спортски манифестации, научни собири и не знам уште што не. Значи, тоа ќе биде нешто од она што веќе го имавме пред ОН знамиња и само знамиња, ништо не помагате, а ниту со ова можеме да помогнеме доколку знамето на Република Македонија биде поголемо, а за мене апсолутно мора да биде. Зашто, единствено е тоа што го искажува суверенитетот на Република Македонија . Сето ова значи дека ниту донесовте закон, ниту предложивте закон со кој што ќе можеме да знаеме кои се тие знамиња и на заедниците и на единиците на локална самоуправа кои што ќе се вејат, а на овој начин ние разговараме за нешто што и самите не го знаат. Мислам дека сето ова што е понудено се враќаме повторно на истото, а тоа е предлог за донесување на закон за знамињата на заедниците, а не за употреба на знамињата, затоа што кажав, а вие подобро ги знаете и тие единици на локална смаоуправа колкави се тие месни заедници, колкави се училиштата и образовните институции, домовите на културата пред кои што сакате сите овие знамиња да се веат. Мислам дека цела единица на локална самоуправа ќе биде покриена со знамиња. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Роза Каревска-Топузова.

**Роза Топузова-Каревска:** Само една мала реплика до почитуваниот госсподин Спиро Мавровски.

Не можам да се сложам со оној дел од неговата дискусија, затоа што и самиот искажа една контрадикторност. Од една страна вели дека со овој член односно со овој амандман на овој член ништо нема да се измени и овој амандман нема никакво значење, за веднаш потоа самиот да каже дека државното знаме мора да биде поставено повисоко и да биде поголемо. Но, ако тоа не е регулирано со законот, единствен на чин да се интервенира во таа насока, може да биде амандмански. Јас друг начин не гледам. Токму и во таа насока беше даден овој амандман. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика пратеникот Мавровски Спиро.

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Госпоѓа Топузовска, апсолутно тука нема ништо што не е во однос на законот, пошто законот за државното знаме е нешто надвор од овој закон за кој што сега говориме и тука апсолутно немаме никаква дилема. Мислам и кај вас и кај мене стои дека државното знаме на Република Македонија е она што треба да се вее, а тука говориме за знамиња на заедници за кои што и вие самите не знаете ни како ќе изгледаат, ниту пак единиците за локалната самоуправа и колку ќе бидат сите тие, колку може да се усвојат такви знамиња и како ќе се вејат. Дали тоа ќе биде знаме на некоја друга држава, дали тоа ќе биде знаме само на некоја етничка заедница, што понатаму ќе се случува, тоа за жал и вие не го знаете, а говорите за закон. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Стојановски Блаже.

Повелете господине Стојановски.

**Блаже Стојановски:** Ако парламентарното мнозинство сака да ги усвои или да ги отфрли овие амандмани . . .

**Слободан Најдовски:** Имате збор за амандманот, а вие не зборувате за амандманот. Повелете зборувајте за амандманот.

**Блаже Стојановски:** За амандманот зборувам. Проблемот за кој што се зборува сега со овие амандмани се однесува на употребата на знамињата на етничките заедници пред државни органи и на ист начин и во исти ситуации односно кога се употребува и државното знаме. Значи, истакнувањето на знамето на етничката заедница на ниво на истакнување на знамето на Република Македонија , значи на изразување на суверенитетот и на етничката заедница и на суверенитетот кој што го претставува знамето на Република Македонија, претставува основниот проблем кој што треба да се реши. А, големината на знамето, начинот на неговото поставување не може да биде начин за решавање на овој проблем. Од тие причини сметам дека дискусијата и сите овие амандмани кои се поднесени и образложени од страна на предлагачите не можат да значат реален аргумент за надминување на проблемот кој што го создава овој закон, а тоа е делење на суверенитетот кој што се изразува преку употребата на знамињата на етничките заедници. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Констатирам дека нема повеќе пријавени за дискусија, го заклучувам претресот по предложените амандмани, како што беше изгласано. Претресот е заеднички и ќе гласаме поединечно.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата и оние што дискутираа досега наместо да излегуваат надвор да влезат во салата.

Повелете сите, господа пратеници, влезете.

Поради немање кворум, седницата прекина со работа.

(Седницата прекина со работа во 17,30 часот)